СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ред. Бр. 1

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 26 јули 1991 година

Скопје, јули 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 20-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 ЈУЛИ 1991 ГОДИНА**

1. АБДИ ФАИК-98
2. АНДОВ СТОЈАН - 2,3,11,12,13,19,26,35
3. АНДОНОВ ЈОВАН-43
4. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 69
5. АТАНАСОВСКИ МИТКО
6. АРСОВ ДРАГИ -15
7. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР-30
8. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО-56,66
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР-23
10. ГОШЕВ ПЕТАР - 47,59
11. ГОШЕВ ТУШЕ-41,42
12. ДАМЈАНОСКИ РИСТО-84,92
13. ДАВЧЕВ САНДЕ-40,68
14. ДИМИТРОВА РАТКА-6,13,26,54,80,95,97
15. ИВАНОВ ЉУБОСАВ -50,54
16. ЈАКИМОСКИ ЉУПЧО- 27, 53, 79
17. ЈОВАНОВ РИСТО-66
18. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА-96,
19. КРСТЕСКИ ЗОРАН -71
20. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА-1,3
21. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО
22. МАНЕВ ЕФТИМ - 39
23. НАСЕВ ПАНЧЕ - 46, 61
24. НИКОЛОСКИ ДУШАН-52, 65
25. ПАНОСКИ МИХАИЛ-73,91
26. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ -55
27. ПЕТКОСКИ ТИТО - 49
28. ПОПОСКИ ЉУПЧО-97
29. ПЕТРОВ ТОДОР-8,11,36, (станови, општествени), 42, 49,71,73
30. РИСТОСКИ БЛАЖЕ - 21
31. СТОЈКОВ СТОИЛЕ- 25
32. СТОЈАНОСКИ ТОМИСЛАВ- 40, 93
33. СТАНКОВСКИ РИСТО-52
34. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА-56
35. СПИРОСКИ АЦО-63
36. СТАМЕНОВ РИСТО-99
37. ТРПЧЕСКИ ДУШАН-72
38. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА-33
39. ФРЧОВСКИ ЉУБОМИР-47
40. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ-47
41. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 45

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија

одржана на 26 јули 1991 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 16,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници, Ја отворам Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Душко Ѓорѓески, Флоре Масалковска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 18-та и 19-та седница на Собранието на Република Македонија одржани на 24 , 26 и 27 јули и 6 и 8 јули 1991 година Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи не очекував претседателот толку брзо да помине на записниците, јас би го замолила претседателот на Собранието, прво да ни даде образложение зошто седницава почнува сега, а не во 10 часот како што беше договорено, а ова го барам заради јавноста, заради медиумите, заради луѓето што овде седевме 7 часа и заради конструктивноста на оваа седница што треба да започне

после 7 часа задоцнување, без било какво образложение.

СТОЈАН АНДОВ:

На поголем дел од делегатите им е сосема јасно зошто седницата почнува знатно подоцна откога беше закажана. Ние со решението од пред две недели утврдивме предлог на дневен ред, но во меѓувреме дојдоа многу иницијативи и материјали, а Владата на еден добар дел од нив даде мислење или свои дополни и предлози, дури утрово. Еден дел работни тела мораат да ги обработуваат сите тие предлози и мислења, а директно Комисијата за образование наука и култура имаше задача да го разреши прашањето во однос на мислењето на Владата за амандманите што ги предложи пратеничката група ПДП НДП. Од тоа зависеше како ќе биде решено тоа прашање, зависеше дали ќе присуствуваат пратеници на овие две партии од таа група овде на денешнава седница. Со оглед на тоа да на оваа седница намеравамe да претресуваме многу значајни прашања бевме должни да ги направиме сите можни напори нашето Собрание да работи во комплетен состав.

До пред еден саат работеше Комисијата за образование и таа ни достави извештај по кој не можеме да обезбедиме присуство на пратениците од оваа група. Координаторот на пратениците од оваа група господинот Ешреф Алиу и потпретседателот господинот Џеладин Мурати дојдоа кај мене, ме известија дека заклучок е на претседателството на нивната партија, по Заклучокот на претседателството на нивната партија тие констатираа дека исходот на работата на комисијата не овозможува да дојдат и да присуствуваат на оваа седница.

Потоа јас се обидов да разговарам со групата, разговарав, потоа го замолив господинот Ханџиски да се обиде да најде формула како може да дојдат тие на почетокот на седницата и од текот на расправата по дневниот ред да заклучат дали ќе учествуваат во работата или не, но нажалост не успеавме и пратениците од таа група иако беше вложен голем напор на крајот не известија дека еден дел од нив ќе ја следат седницата тука во зградава, а поголемиот дел го напуштија зградата и си отидоа.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи во образложението доста добро го објаснивте задоцнувањето и заложбите на Комисијата и претседателот на Комисијата за образование, за работата на седницата на Собранието една голема забелешка имам затоа што на Комисијата за образование е гласано по мислењето на Владата, а не по мислењето на предлогот на законот што не доведува конструктивно работење на Собранието туку само доведува до парализа на работата во Собранието. И тоа, мислам дека стручните служби требало да го укажат дури и во мислењето е влезено дека на Комисијата е гласано по Мислењето на Владата, а Мислењето на Владата во сите комисии претставува само помош во изградувањето на ставот на членовите на Комисијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира од сите пратенички групи има членови на Комисијата. Можете секогаш во текот на работата на Комисијата да побарате и стручна помош и тоа на седницата на Комисијата се регулира, а овде ако имате забелешка кога бе дојде на дневен ред извештајот од Комисијата тогаш можете да кажете, инаку ова нема врска со прашањето што претходно го покренавте.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница поканети се претставници од повеќе органи. Меѓутоа, е поканет и претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров, потоа претставници на Владата на Република Македонија, Републичкиот хидрометеоролошки завод, Ректоратот на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, работната организација Медицински факултет - Скопје при Универзитетот "Кирил и Методиј"-Скопје и "Југобанка" акционерско друштво Белград, "Југобанка"-Скопје. Се разбира поканет и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија, но бидејќи е во тек важна седница на Претседателството сега во Белград тој ми се јави дека во колку текот на седницата му дозволи до 16 часот тој може да тргне, да дојде да присуствува на денешната седница, а неговите прогнози беа дека не се големи изгледите тоа да се оствари.

Со оглед на обемноста на дневниот ред за денешната седница, предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на дневниот ред,

Дали се согласувате со овој предлог (пратениците се согласија).

Благодарам.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ поднесе предлог за свикување на Дваесеттата седница на Собранието на 25 јули 1991 година со Предлог на дневен ред, а закажаната седница на Собранието на 26 јули 1991 година да биде 21 седница на Собранието. Исто така и пратеникот Тодор Петров поднесе предлог за свикување на нова седница на Собранието.

По повод овие предлози Ве известувам: согласно ставот 2 на точка 4 од Амандманот 74 на Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 96 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија ги свикува седниците на Собранието по своја иницијатива. Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат за расправата може да се закаже седница доколку има добиено материјал од надлежните органи. Бидејќи таков материјал не е доставен, а имајќи предвид дека само Собранието може да одлучи од надлежните органи да побара соодветен материјал не бев во можност да свикам седница по барањето на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и на пратеникот Тодор Петров.

Се разбира во меѓувреме барав можност да се подготви материјал од сите надлежни органи кои се тангирани од овие барања, но такви материјали не добив.

Предлагам по овој предлог Собранието да се изјасни одделно и тоа,

Прво, во врска со предлогот, Претседателот на Републиката Киро Глигоров да го информира Собранието на Република Македонија за посетата на Турција. Според Уставот на Република Македонија Амандман 75 точка 4, став 1, претседателот на Републиката по своја иницијатива или по барање на Собранието го известува Собранието за прашањата од својата надлежност.

Предлагам Собранието да се произнесе по ова барање, при што да се има предвид фактот дека претседателот Глигоров по враќањето од Турција ја информира јавноста за содржината на водените разговори. И во претходните контакти што ги имав со претседателот Глигоров тој ми кажа дека фактички информациите ги дал исцрпно

и несогледува потреба овде повторно да настапува.

Молам кој е за предлогот да крене рака, предлогот на господинот Тодор Петров, претседателот на Републиката овде да поднесе извештај. Ве молам следете, предлогот е на господинот Тодор Петров претседателот на Републиката Киро Глигоров да го информира Собранието на Република Македонија за посетата на Турција

Јасно ли е сега. (Да)

Кој е за тој предлог да крене рака?

За предлогот гласаа 22 пратеници.

Кој е против? (против гласаа 47 пратеници)

Дали има воздржани? (се воздржаа 6 пратеници).

Според тоа констатирам дека предлогот на господинот Петров не е прифатен.

Второ, по повод предлогот на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и на пратеникот Тодор Петров Собранието да расправа за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката по донесувањето на одлуката на Претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА од Република Словенија, ве известувам дека досега не е доставен материјал во Собранието за расправа.

Молам, претставник на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да се произнесе по овој предлог дали остануваат или го повлекуваат.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, цениме дека е време ова Собрание јасно да ја искаже својата политичка волја. Длабоко сме убедени дека секој изминат ден без јасен став на ова Собрание за иднината на нашата држава во новонастанатата ситуација дава можност да разни толкувања, како кај нашите граѓани така и во југословенската и светската јавност.

Ставот дека не прифаќаме редуцирана федерација, треба да се операционализира бидејќи на тоа не обврзуваат ставовите на ова Собрание, ставовите на претседателите на Републиката и на Владата како и изјавите на членот на Сојузното претседателство. Донесените акти ќе мируваат за време на мораториумот и тој период Македонија ќе учествува во преговорите за расплетот на кризата по мирен и демократски пат.

Пратеничката група предлага, како прва точка да биде актуелната безбедносна политичка состојба во Републиката и земјата по одлуката на Претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА од Словенија.

Втора точка да биде предлог за донесување на уставен закон за прогласување на самостојност и независност на Република Македонија.

Трета точка Предлог за усвојување на заклучок на Собранието на Република Македонија со кој ќе се обврзе Владата на Република Македонија веднаш да ги предложи државно-правните акти за самостојност и независност на Република Македонија со што ќе отпочне постапката во Собранието за нивното усвојување и донесување.

Четврта точка предлог да се донесе по итна постапка закон за непримерување на одделни одредби од Законот на воената обврска на територијата на Република Македонија.

Петта точка Предлог Собранието на Република Македонија да усвои заклучок со кој ќе се задолжи Владата на Република Македонија да ги проучи можностите за обраќање на КЕБС и ООН за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија и обезбедување гаранции за почитување на нејзините државни граници.

Како што можев да разберам  од образложението на претседателот Стојан Андов проблем за поставување на дневен ред е барањето до Владата, мислам не поднесувањето на Владата на документите, ние можеме овие точки да ги поставиме, да разговараме за нив во форма на донесување на став за барање  од Владата да ги достави тие документи до Собранието, бидејќи ние перманентно заседаваме, иако за жал скоро три недели или веќе три недели не сме состанале.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, госпоѓата Димитрова даде образложение и за другите точки, а сега е само за актуелната политичко-безбедносна состојба, а потоа ќе одиме на другите точки, да и го прифатиме ова како образложение, да не ја повикуваме тогаш повторно да дава образложение. Сега се работи само за Предлогот  да се разгледува овде актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и во Републиката.

Дали некој бара збор.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека, со оглед на фактот што Собранието на Република Македонија е во некое постојано заседание, а токму од причина нарушената политичко-безбедносна состојба во земјата, да денес Собранието расправа по однос на актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката, а за тоа информација претседателот на Владата  да поднесе и доколку присуствува на седницата членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија.

Ако Владата на Република Македонија не може да подготви информација или нема такви согледувања за актуелната политичко-безбедносна состојба макар и усно да не информира како што тоа често пати при разгледувањето на оваа точка сме го правеле , без писмен материјал нормално, едноставно сметам дека не може да се носи тогаш по проблемите во Републиката и да ја прати со соодветни акти во форма на предлог пред ова Собрание таа политичко-безбедносна состојба. Затоа сметам дека е неоправдано оваа точка да не се стави на дневен ред и сметам дека на секоја седница доколку ги одржуваме со огромни паузи од неколку недели обавезно прва точка задолжително прва точка да биде актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата. Ние досега писмени информации немавме, меѓутоа писмените информации веќе е доволно да се прелистаат дневните весници и едноставно да се види што е актуелно во Републиката и земјата.

Со оглед на повлекувањето на ЈНА односно Одлуката на Претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА изменети се вкупните односи на земјата, сметам дека Република Македонија и те како треба да расправа за оваа точка на дневниот ред. Тука се и доста други актуелни моменти, вооружувањето и создавањето на српска гарда во соседна Србија, изјави на многу раководители на федерацијата и на соседните републики и држави по однос на статусот на Републиката и затоа сметам дека Собранието треба да ја стави оваа точка на дневен ред.

Ја користам приликата за да не излезам повторно , да укажам дека, бидејќи Собранието на Република Македонија го врши изборот на претседателот на Републиката должност е по мое мислење претседателот на Републиката да доставува писмена информација при официјалната државна посета на високо државно ниво на останати земји

или републики во Југославија. И токму заради тоа сметам дека е потребно после вакви посети пратениците не под изјавата, пошироката јавност е информирана, па и ние сме една поширока јавност,  треба да добива такви писмени информации а Собранието да не го нарушува својот дигнитет со тоа што ќе се подреди под формулацијата јавност.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, г-дин Петров побара информација за денешната седница за актуелната политичко-безбедносна состојба да поднесе претседателот на Владата. Претседателот на Владата денеска не е во земјата, а бидејќи и утре ќе заседаваме, г-дин Петров, предложи бидејќи нема пишан материјал, тогаш претседателот на Владата барем усно излагање да даде за политичко-безбедносната состојба во земјата и Републиката, и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија. Претседателот на Владата сега не е тука и ние, по мое мислење, треба да причекаме утре, па можеме дополнително таа точка да ја уфрлиме на дневниот ред и да побараме од него тогаш да се изјасни дали е во состојба тој ден или му треба извесно време да се подготви за тоа излагање.

Г-дин Тупурковски ме извести дека тој е подготвен да настапи овде во една таква расправа и да ги изложи своите погледи за прашањата од негова надлежност од работата на Претседателството, тој не одговара за состојбите во Републиката и тој не може да биде носител на изготвување на материјалот, тој факт ми го предочи. Според тоа, имаме време и утре можеме дополнително со претседателот на Владата да видиме што можеме да направиме. Претседателот на Владата и вчера не беше тука. Знаете каде беше. Јас Ве известив дека со Владата е контактирано и дека нема материјал а потпретседателот да бил во состојба би подготвил материјал. Претседателот на Владата два дена не е овде. Затоа, е работата да го сочекаме него.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Се доведовме во една таква состојба како пратеници да се плашиме со што ќе не изненади Владата.

Владата ја задолживме во април месец да изготви информација за состојбата во Републиката што ќе се случи од сите аспекти до колку евентуално Република Македонија се отцепи од Југославија. Тој материјал уште упорно го чекаме. Потоа, кога ќе дојдеме на дневниот ред за општествениот капитал, Владата ни кажа дека во рок од еден месец ќе подготви информација за трансформацијата на сопственоста и помина тој рок и ние пак си чекаме и јас незнам едноставно да кажам пред целата  јавност и пратениците исплашен сум Владата со што и кога на кој начин како ќе не изненади. Едноставно се губи довербата во овој Парламент од она што Владата е задолжувана често пати да ни го предложи,, а не ни го предлага. Го има, е кај го има, кој го видел? Овој Парламент го претворивме во едно собиралиште на група граѓани, јавност, ќе дојдеме ќе си седнеме, ќе си одиме, 60 точки на дневен ред, јавноста ќе се нервира, бидејќи чека од 10,00 часот да почне седницата, никој не информира за одлагање, едноставно сме толку изманипулирани и толку сме доведени во состојба барем јас да се чувствувам бедно пред оваа јавност за она за што треба во овој Парламент да се одлучи.

СТО ЈАН АНДОВ:

Само една забелешка досега претседателот на Владата на три-четири наврати настапувал овде и опширно ги образложувал оценките на Владата за политичко-безбедносната ситуација и колку што ми е познато прв пат не настапува заради тоа што не е во земјата.

Дали имаме незадоволство по некои други точки треба да чекаме кога ќе дојдат другите точки па да го изложиме нашето незадоволство.

Молам, како да постапиме сега?

Предлагам утре да се изјасниме по оваа точка кога ќе биде претседателот тука. Предлагам на основа на сите овие состојби а ако г-ѓа Димитрова бара повторно збор, повелете.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Јас би сакала само уште еден момент да осветлам во врска со првата точка. Како пратеници на ова Собрание ние не дадовме мандат за гласање за повлекување на армијата од Словенија. Имавме закажано термин, само терминот се откажа на Собранието а по една таква крупна одлука еве тешко можеме да ставиме на дневен ред точка која ќе го елаборира ова прашање.

Ние се согласуваме ако е предлогот точката да се одложи за утре во тој случај го повлекуваме и се залагаме тоа да биде утре.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, утре ќе се изјасниме кога ќе дојде претседателот на Владата и кога ќе биде овде г-дин Тупурковски.

Оваа точка така ја апсолвиравме.

Во врска со предлогот на пратеникот Тодор Петров, Собранието да расправа за оценките и ставовите на Советот за прашањата на народната одбрана на Република Македонија во врска со актуелната политичко-безбедносна состојба во Републиката и земјата кои се од строго доверлив карактер предлагам Собранието да се произнесе дали ќе води претрес по овие оценки и ставови?

Молам, кој е за предлогот на г-дин Тодор Петров овде да се води претрес, молам да крене рака? (25)

Дали има против? (39)

Дали има воздржани? (7)

Според тоа предлогот на Тодор Петров не е прифатен.

По повод барањето на пратеникот Тодор Петров Владата на Република Македонија да достави информација за извршување на точките 8 и 9 од заклучоците за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката што Собранието ги донесе на 9 и 10 мај 1991 година, предлагам претставникот на Владата да се произнесе. Тоа е постапка која мораме да ја утврдиме.

Предлагам утре или понеделник во излагањето, како бе се договориме утре, да биде зафатено и тоа.

Дали можеме така? (Може, г-динот Петров се согласи)

Во врска со предлогот за донесување на уставен закон за прогласување на самостојност и независност на Република Македонија и предлогот за усвојување на заклучокот со кој ќе се обврзе Владата на Република Македонија веднаш да ги предложи државно-правните акти за самостојност и независност на Република Македонија со што ќе отпочне постапката во Собранието за нивно усвојување и донесување што го поднесе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Владимир Голубовски ве потсетувам дека Собранието на Република Македонија има усвоено заклучоци според кои во тромесечниот период на преговори дефинитивно треба да се утврди статусот на македонската држава со донесувањето на новиот устав и сите други неопходни закони и нормативни акти врз кои ќе се темели самостојноста и сувереноста на Република Македонија и можноста да се создаде, доколку се постигне согласност, Сојуз на суверени држави.

Меѓутоа, бидејќи се согласивме политичко-безбедносната ситуација да се разгледува утре, тогаш, а ова е точка што следува

од таа расправа, дали можеме утре да се произнесуваме и по оваа точка и нејзиното уврстување на дневен ред?

Има збор г-дин Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Г-дин претседателе,

Почитувани пратеници,

Во врска со оваа точка која се однесува за актите за задружување на Република Македонија односно уставниот закон за прогласување на самостојност и независност на Република Македонија ние поднесовме предлог, таа точка да биде поставена на дневен ред бидејќи на состанокот на Претседателството на Собранието што го државме вчера јас во името на пратеничката група инсистирав оваа точка да биде поставена на дневен ред. Меѓутоа, добивме некое образложение во кое повторно се објаснува и се укажува на некои деловнички пречки и дека наводно по тоа немаме добиено мислење од Владата и од тие причини повторно се направи обид оваа точка да не биде поставена на дневен ред и да не се прифати предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Денеска во однос на оваа точка следуваат и други настани кои заслужуваат внимание односно откако ги изнесовме причините и јавниот протест на вчерашната конференција за печат, зошто и натаму се прават вакви обиди оваа точка да не се најде на дневен ред, денеска Претседателството на Собранието по иницијатива на претседателот г-дин Стојан Андов наиде за сходно најдрастично и со едно соопштение кое што жалам и протестирам што не е овде доделено на пратениците, да го отфрли тоа наше барање и да ги надмине тие рамки кои според мене, се во надлежност на Собранието.

Прво, реков во однос на соопштението што го даде Претседателството на Собранието овде стои на својата денешна седница од 26 јули 1991 година по повод наводно тешките обвинувања упатени од портпаролот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ на конференцијата за печатот одржана на 25 јули 1991 година во однос на дневниот ред на Собранието да бидат поставени актите за раздружувањето го дава ова соопштение во кое, штета што овде не е доставено, а тоа сигурно во јавноста ќе оди, така ми беше речено, дека нема потреба овде за тоа да се расправа, туку едноставно јавноста ќе биде информирана и јас се јавив за збор затоа што на денешниот состанок на Претседателството реков дека се оградувам од содржината на ова соопштение.

Бев повикан од претседателот г-дин Стојан Андов да ги објаснам причините овде зошто се оградувам и во врска со тоа јас сакам, бидејќи сум спомнат во соопштението дека се воздржувам од тоа и во прилог на тој мој став сакам да го кажам следното:

Прво, не го прифаќам соопштението, затоа што лично сметам дека никој овде никого не може да го присилува Собранието да прифаќа некакви акти или соопштенија врз основа на тоа што весниците пишувале, а ние знаеме дека весниците пишуваат тоа што го пишуваат и  ако Собранието прави вакви соопштенија за се она што весниците пишуваат мислам дека тоа најмалку може да му користи на ова Собрание. Тоа не се некои факти кои заслужуваат ова Собрание по нив да расправа, помалку да зазема ставови на се она што ќе го сретнеме во весниците.

Второ, сметам дека Собранието не може со никакви акти ниту пак со ваквото соопштение да го ограничува или оспорува правото на било која партија, па ни на ВМРО-ДПМНЕ преку свои претставници да изнесува свои ставови и мислења. Впрочем, за ова се наведува

во собраниското соопштение за ова што се наведува во собраниското соопштение не станува збор во официјалното соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, туку тоа е на еден нејзин претставник.

Трето, што овде сакам да го кажам, а тоа е го повикувам односно го потсетувам г-дин Андов дека за оваа седница на Собранието како и на претходната да не ги спомнувам од порано пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ упорно бара и писмено и усно на дневен ред да се постават државно-правните акти за самостојност и независност на Македонија, но тие предлози никако да се најдат на дневен ред.

Ние отворено пред македонската јавност бараме да се усвојат државно-правните акти за прогласувањето на самостојноста и независноста на Македонија и сметаме дека тоа некој го спречува, бидејќи тие не се поставуваат на дневен ред ниту пак по нив се овозможува водење на расправа.

Четврто, се обраќам до Владата и го повикувам потпретседателот г-дин Блаже Ристовски да го запознае македонскиот парламент дали е факт дека македонската влада донела и утврдила уставен закон и пакет-придружни закони за сувереноста и самостојноста на Република Македонија. Незнам дали тоа било на седницата на Владата на 22 јули или ден подоцна или порано, сметам дека тоа не е важно но важно е тоа дека вака усвоените акти од Владата по вообичаениот автоматизам се доставуваат до Собранието.

Уште еднаш го молам потпретседателот г-дин Блаже Ристовски да даде образложение во однос на подготовката на тоа до каде е дојдена постапката за усвојување односно донесувањето на

државно-правните акти што се непосредно сврзани со прогласувањето на самостојноста и независноста на Македонија.

Што предлага Владата ако таквите акти се усвоени и донесени иако веќе има еден предлог тие да бидат поставени на дневен ред како што е предлогот од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас сум должен да дадам некои појаснувања, прво, можеби ќе ни биде полесно.

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Вие читавте, јас немав време да ги слушам сите радио емисии и незнам кога била изречена оценката за работата на претседателот како ги кочи работите во Собранието итн. Но читавме во Нова Македонија управо. Читавме и таму стои тоа што стои. Таму има многу навреди, но тие навреди што се упатени на мене, се разбира, не треба да го преокупираат Собранието, ниту претседателството и на нив не одговарам. Јас постојано сум тврдел дека некој навреди кога се изречуваат повеќе зборуваат за оној што ги изречува, отколку на оној на кој му се наменети. Не мислам да полемизирам по тие прашаwа. Меѓутоа, таму се тврди дека Владата донела некој акти за раздружување, или незнам за што на 23 јули и тоа го тврди портпаролот господинот Таковски, така пишува во Нова Македонија. Нека демантира господинот Таковски, ако не е така и дека тие акти јас ги држам да не идат на Собранието. Јас го поставив тоа прашање на претседателството, со оглед на тоа дека е сосема јасно дека стојат многу јасни и прецизни одредби во деловникот како некоја точка може да дојде на дневен ред на седница на Собрание и ние проверивме, и ја задолживме службата да провери дали дошле некој било какви акти кој ги споменува господинот Таковски, кој нему му се познати, но мене не ми се познати, јас и не знам дека Владата разговарала за тоа, не сум известен од Владата ни службено ни не службено. И кога се утврди дека ни службите не добиле такви акти ни допис, тогаш се испостави дека господинот Таковски знае многу повеќе какви акти се донесуваат во Владата и каде се донесени и кои се тие акти, но едноставно измислува кога вели дека јас сум ги запрел, бидејќи навистина не сум ги запрел, бидејќи ние тие акти не сме ги добиле. Тоа се констатира на седница на претседателството. На седница на претседателството господинот

Арсов и сам кажа  дека не знае дека се донесени тие акти. Јас го прашав да не има тој некој други тајни информации што ние ги немаме. Тој рече дека ни тој незнае дали Владата донела и упатила некој акти на Собранието. Според тоа, нападот не е само на мене лично наменет туку и на работата на претседателството и претседателството не го ограничува правото на партиите како што вели господинот Арсов, туку сака да е малку од тие права што тие ги имаат и тоа да го има и кога е неосновано нападнато да даде соопштение и да ја изнесе само вистината, не напаѓајќи го никого. Во соопштенитето никој не е нападнат само се изнесува вистината, што му е на господинот Арсов позната. Тој секој ден работи со нас. Ова што тој вели дека досега сите нивни предлози за раздружување не биле ставени на дневен ред, господинот Арсов седи со нас на претседателството на секоја седница дневниот ред заедно го утврдуваме, досега никогаш не се оградил од тоа што е таму одлучено и договорено, ниту овде кога е разгледуван дневниот ред и утврдува во постапка со деловникот, господинот Арсов не станал да каже што од неговиот предлог не е дадено на изјаснување на Собранието. Друга работа е дали Собранието ќе го усвои и тука ве молам, не очекувајте од претседателот на Собранието да наложи на Собранието кој предлог на која пратеничка група или на кој пратеник ќе биде усвоен. За тоа се произнесува само Собранието. Соопштението што го дава претседателството не го обврзува Собранието. Оттаму и соопштенијата кој ги дава претседателството кои одговараат на адреси кој нему му се обраќа не треба и нема потреба да ги дава на Собранието, да го оптоварува со тоа. Затоа не е поделено соопштението. Ние не мислевме од вас да добиеме некоја поддршка, или незнам какви признанија кога е наполно јасна ситуацијата. Инаку јас незнам зошто мисли господинот Арсов дека во весниците има право луѓето да зборуваат невистини, а

притоа да не им се одговори.  Никој не му вели на господинот Таковски тој да зборува како што не е така, нека зборува но ние треба да се даде право да кажеме точно како стојат работите. Ништо повеќе. Така стојат работите и ако сте заинтересирани можеме соопштенитето да го поделиме не гледам никаква потреба од тоа, ќе го чуете од средствата за информирање.

Јас му одговарам на господинот Арсов кој мене лично ме прозва и тоа не е на дневен ред да се расправа.

Ве молам дали сакате вчерашниот напад на претседателот и на претседателството да го ставиме на дневен ред на расправа.

Молам кој е за, да крене рака.

Никој.

Кој е против, мнозинството.

Ве молам ако сакате да расправаме ќе добие секој од вас збор неможе само госпоѓица Димовска.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Господине претседателе, господа пратеници. Морам да ви признаам се чувствувам прилично непријатно во вој момент, кога во нашиот македонски парламент се расправа на ваков начин, со ваков тон и во ваква атмосфера. Разговараме за судбоносни прашања и мене би ми било драго ако е возможно сите тие работи да ги изнесуваме и да ги третираме со нужната и должна почит и уважение спрема секого и спрема секое прашање. Овде ми беше поставено директно прашање. И тоа два пати. Мислам дека како член на овој кабинет, како човек и како Македонец  јас сум должен да одговорам. Овој парламент ја задолжи Владата на Македонија, со оглед на ситуацијата во која се наоѓа земјата во целина и посебно Македонија да подготви соодветна регулатива што ќе може во даден момент при една политичка оценка на ситуацијата да биде воведена во парламентот и преземени нужните чекори за

безбедноста на оваа земја и овој народ. Владата на Македонија веќе неколку пати соопштува и преку устата на својот претседател, а тоа беше не еднаш спомнато и од претседателот на Републиката и во овој парламент, дека работи, подготвува, а во последниот случај и дека сета таа документација е веќе подготвена. Очевидно некој можеби и со неполна доверба погледнаа на тие изјави на Владата.

Со оглед на конкретната положба во која се наоѓа Југославија со оглед на решенијата на претседателството на Југославија, со оглед на одлуката за повлекување на југословенската народна армија од Словенија, со оглед на состанокот во Охрид, Владата на Македонија оцени дека е должна оваа документација да ја разгледа и да ја утврди и притоа да ја чува до моментот кога таа во политичката оценка ќе биде опортуно да се поднесе односно да се побара од овој парламент за конечно  усвојува и спроведување во живот.

Владата на Македонија тоа го направи на 24 овој месец. Таа документација е утврдена и се разбира, го чека решението на парламентот. Ако овој парламент утврдува дека ситуацијата налага да се спроведе таа регулатива, Владата нема ништо против во истиот момент да ги поднесе веќе утврдените документи и тие да влезат во сила.

Јас сум малку хендикепиран денеска, кога пред неколку минути добив на маса од двете пратенички групи еден документ со кој се бара меѓу другото,  имено одлука за самоопределување на Република Македонија како самостојна и суверена држава и стапување во сојуз во суверени држави на Југославија и се бара на 8 септември тоа речиси сега, да се одржи референдум. Јас се надевам дека сите овде го сфаќате значењето на ваквите акти и на тој акт за референдум. Ваше право, но и должност е по совест и одговорност да ги разгледувате

да ги оценувате и да се однесувате кон сите предлози, според тоа и според овој. Владата на Македонија се разбира, има свој обврски, од нив никогаш не отстапувала, врз неа беа фрлени доста обвиненија, Владата не сака да полемизира со никого, според тоа, таа се чувствува одговорна пред овој парламент, иако како Влада на Македонија има сопствена одговорност, има сопствено право и сопствени доблести. Затоа се оценува дека овој момент е имено тој кога треба таа документација да стапи во сила, ако тоа го оценуваат сите одговорни во оваа Република, а Владата својата обврска пред овој парламент ја има извршено.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам само кажете дали сте доставиле до Собранието.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Јас веќе реков дека ние не сме доставиле и дека во овој момент не сме готови да доставиме. Тоа е само утврдена документација и таа го чека надлежното решение.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Сметам дека ненамерно е изнесена една формулација на предлогот ВМРО-ДП со која што може да се доведе во заблуда македонската јавност во врска со политичката содржина што ја содржи самиот предлог. Се работи за следното: најпрво во формулацијата пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Голубовски беше искажано што не е точно без договор во свое име ВМРО- ДП, партија која е застапена преку мене во македонскиот парламент самостојно даде предлог за кој што бев спремен да расправам за оправданоста. Бидејќи текстовите не се ни во голем степен слични, од таа причина уште повеќе не држи тоа што формулацијата беше на таков начин изнесена. Заради тоа сметам бидејќи е краток текстот да го прочитам.

ВМРО-ДП смета дека по одлуката на претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА од Словенија, настапи објективна состојба и Република Македонија да објави мирно раздружување од СФРЈ со усвоениот став на Собранието на Македонија дека нема да остане со остатокот на СФРЈ. Тоа со ништо не ја загрозува опцијата за сојуз на суверени држави, доколку за тоа подоцна се договорат заинтересираните суверени држави. Со оглед на тоа што Владата на Република Макеоднија на неколку пати ги информира пратениците на Собранието а преку средствата за информирање и целата македонска јавност дека таа веќе ги има изготвено сите потребни акти со кој законодавно би се регулирало прогласувањето на самостојноста на Република Македонија, односно мирното раздружузвање од СФРЈ, предлагаме од дневниот ред на седницата закажана за 26.VII.1991 година да се стави точката под број 1 политичко безбедносната позиција на Македонија по одлуката на претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА од Република Словенија и усвојување заклучок со кој Собранието на Република Македонија ќе ја задолжи Владата да ги предложи сите државно правни акти со кој ќе започне мирно раздружување од СФРЈ.

Со оглед на тоа што сметам дека е конструктивен предлогот утре да се расправа се согласувам со таа сугестија, со тоа што само да дадам еден краток осврт дека во приложената точка не станува за тоа дека ние спориме дали тие акти постојат или не. Ние знаеме дека тие постојат и токму се однесува на дело што и господинот пот-претседател на Владата изложи се работи дали настапила оценка дека тие треба да стартуваат. Ние сметаме дека настапил тој момент и инсистираме на утрешната расправа со една аргументација да ја убедиме македонската јавност а пред се парламентот да го усвои следниот заклучок.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани граѓани чекајќи 7 часа во ресторанот на Собранието како ученици кога ќе ги стават во магарешка клупа се чувствувам навистина преморен сега и затоа изразувам револт кон односот на претседателот на Собранието за вакви постапки. Мислам дека еден парламентарец, еден пратеник не заслужува 7 часа да чека и да не биде известен кога ќе биде седницата со точно утврден час.

Што се однесува на нашиот предлог на пратеничката група за донесување на уставен закон, како што напомна потпретседателот на Владата господинот Блаже Ристовски, исто така јас пред 5 минути добив една иницијатива од пратеничките групи СДС и Реформските сили на Македонија, а се чудам зошто претседателот на Собранието во истиот контекст не ја постави и оваа иницијатива. Ако се потсетиме уставен закон се донесува по уставниот амандман 74 со двотретинско мнозинство во парламентот. Но имплицира изјаснување преку референдум. Мислам дека иницијативата од двете партии и иницијативата од нашата партија и иницијативата од господинот Голубовски се сосема идентични. За да не се нафрла дека ВМРО-ДПМНЕ е против референдум. Ние сме за референдум со иницирање на уставен закон согласно уставниот амандман 74.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Точно е дека чекавме и јас лично сметам дека имаше зошто и дочекавме една многу убава работа. Сакам да го поздравам и да го честитам чекорот што го направи денес СДС и Реформската партија. Ние со задоволство им се придружуваме. Точно е дека пред два дена на наша иницијатива свикавме заеднички состанок со овие две партии на кој го поставивме ова прашање и баравме консензус по тоа и нашиот чекор, меѓу другото со вчерашната конференција за печат беше фактички еден очајнички чекор и притисок, една тешка внатрешна потреба која сигурно не беше лесно да ја направи нашата партија.

Сакам од ова место да упатам апел за национално единство и на сите пратеници овде, и на членството на сите партии во Македонија, мислам дека ова е еден голем момент и јас со голема радост го упатувам овој апел за единство.

Апелирам понатаму да разговараме овде само за оние проблеми, конструктивни проблеми и да се судираме ако треба за тие конструктивни предлози со избрани зборови и со почит еден спрема друг.

СТОЈАН АНДОВ:

Нема да повторам објаснување зошто задоцнивме со почетокот на седницата. Јас го дадов, дали го прифати господинот Стоиле е негова работа.

Инаку да дообјаснам дека не сум на никаков начин постапил поинаку према овој текст кој ми е овде доставен освен на начин како постапувам со сите текстови. Овој текст ја има судбината како секој текст што е упатен до мене , го умножуваме и го даваме на секој пратеник. Само тоа е со него постигнато. Ништо натаму. Натаму ќе се

утврди неговата судбина овде на Собранието. Според тоа, никако на друг начин не се постапило со овој текст освен како се постапува со секој текст што е упатен на претседателот на Собранието.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Се извинувам што излегувам на говорница вака, но не ми е јасно, отворивме расправа по текст , а сеуште не сме го ставиле на дневен ред. Меѓутоа, позитивното искажување посебно ме радува од госпоѓата Ратка Димитрова. Всушност со тоа укажуваме на потребата да отпадне предлогот за донесување на уставен закон.

Бидејќи тоа го одложивме за утре, сега не ми е јасно каде е најдена споната меѓу овој предлог и предлогот на господинот Арсов што го даде.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не поднесе предлог на текст на уставен закон за раздружување, туку предлог да расправа околу потребата за донесување на еден таков закон. Текстот на иницијативата од двете партии не значи дека, како што рече пратеникот Крстевски отпаѓање на предлогот на ВМРО-ДПМНЕ. Предлогот на ВМРО-ДПМНЕ е да се расправа за потребата за донесување на уставен закон за раздружување на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, да укажам. Овој предлог-допис што ми е даден од двете пратенички групи не треба да биде сега предмет на расправа.

Ние одиме по еден терк се што ни е доставено пред седницата, па кога ќе дојдеме на ред тогаш по него да се искажуваме. Инаку ќе направиме забуна и нема да се знае до каде сме дошле.

Молам, да одиме наваму каде следува ова овде.

Шесто, по однос на предлогот да се донесе по итна постапка закон за неприменување на одредби на Законот за воената обврска на територијата на Република Македонија кој е доставен на Собранието. Ве известувам дека согласно член 346 од Деловникот на Собранието истиот го доставивме за мислење на Владата. Мислењето е добиено и со тоа предлогот е ставен во процедура.

Седмо, што се однесува на предлогот за донесување по итна постапка закон за неприменување на дел одредби од Законот за народна одбрана според одредбите од Деловникот предлагачот е должен ваквиот предлог да го достави во писмена форма, во кој ќе укаже во што се состои основната и неодложна потреба од итно донесување на законот и кои се штетните последици што би ги предизвикало одлагањето на донесувањето на тој закон. Покрај ова потребно е да се достави и предлог на закон.

Со оглед на тоа што ваков материјал до Собранието не е доставен , нема можност Собранието за овој предлог да расправа денеска. Кога ќе се достави веднаш ќе го упатиме.

Осмо, предлогот на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ за донесување заклучок Владата да ги проучи можностите за обраќање до КЕПС и ООН за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија и обезбедување гаранции за почитување на нејзините државни граници предлагам да се достави до Владата на Република Македонија заради негово проучување.

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (мнозинство пратеници)

Комисијата за градежништво и урбанизам ги разгледа Барањата на пратеникот Тодор Петров за укажување на потребата од донесување на Закон за престанување на важноста на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, Законот за прогласување на станови во општествена сопственост за станови во државна сопственост и Законот за продажба на станови како државна сопственост, заедно со мислењето од Владата на Република Македонија и предлага Собранието на Република Македонија да побара од Владата на Република Македонија во рок од еден месец да ги достави законите кои се во тек на подготовка односно за Предлог за донесување на закон за станбени односи и Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на општествени станови.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предложениот рок.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:

Рок од еден месец, може.

СТОЈАН АНДОВ:

Комисијата за економска политика и развој на седницата од 19 јули 1991 година при разгледувањето на Статутот на Републичкиот фонд за развој во I фаза, оцени дека е потребно да се покрене иницијатива за изменување и дополнување на Законот за републичкиот фонд за развој, бидејќи истиот отстапува од суштината, улогата и местото во системот.

Според тоа, Комисијата предлага Собранието да побара од Владата на Република Македонија да подготви соодветни измени и дополнувања на Законот за републичкиот фонд за развој и тоа посебно во члeновите на Законот со кои се регулира дејност на Фондот.

Го молам претставникот на Владата, да се произнесе.

БЛАЖЕ РИСТЕСКИ:

Јас мислам дека може. Се прифаќа.

СТОЈАН АНДОВ:

Пратеникот Тодор Петров на 15 јули 1991 година поднесе Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнуваше на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд, со Предлог на закон, кој Ви е доставен.

Согласно одредбите на Деловникот побарано е мислење од Владата на Република Македонија на 16 јули 1991 година.

Владата на Република Македонија достави мислење, кое Ви е поделено.

Исто така и Комисијата за стопанство го разгледа овој предлог.

Го молам известителот на Комисијата да земе збор. Има збор Петар Георгиев.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство го разгледа предлогот од пратеникот Петров и во моментот кога го разгледуваше предлогот немаше мислење од Владата затоа и го одложи разгледувањето за една од наредните седници на Комисијата.

По добивањето на Мислењето од Владата се согласи и го прифати мислењето од Владата да предлозите од пратеникот Петров бидат вградени во Законот кој што е во подготовка и ќе биде разгледан на првата наредна седница на Собранието.

Тоа е ставот на Комисијата за стопанство.

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам пратеникот Тодор Петров да укаже на основаната и неодложна потреба од итно донесување на законот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Итноста за донесување на овој закон за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд се состои во тоа што оние кои сакаат самостојно да вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните до донесувањето на тој закон, во кој што ќе бидат прифатени измените што сега ги предлагам во овој закон по итна постапка ќе треба да го платат данокот на промет на опремата и на деловниот простор за вршење на дејноста.

Од причини што и Сојузниот закон за основниот данок на промет предвидуваше од 1 февруари да престане обврската за плаќање данок на промет за патнички автомобили, за употребувани патнички автомобили, меѓутоа, ние од тој рок до денес воопшто не сме го регулирале тоа прашање и во органите на управата во општините неоправдано на граѓаните при прометот на патнички автомобили им се вршеше наплата противзаконски на данокот на промет во висина од 10 отсто.

Сите тие пари пропаднаа. Прашање е сега дали некој ќе може да поднесе тужба да ги бара тие средства да ги врати државата назад.

Сметам дека нема потреба да се направи истата грешка и во овој случај, односно да се донесе овој закон, измените во ваква форма како што се дадени , а кога ќе го добиеме законот во целосна форма, мислам Законот за самостојно вршење дејност со  личен труд и средства во сопственост на граѓаните, нека повоторно бидат прифатени овие формулации.

Неопходноста од донесување е во тоа да физичките и правните лица се изедначат во правата и обврските односно физичките лица или секој граѓанин кој сака да врши дејност да може да отпочне со вршењето на дејноста без плаќање данок на промет на деловниот простор и на опремата што во сегашните законски решенија мора да ги плати доколку сака да добие одобрение од надлежната Комисија за утврдување на исполнување на услови за вршење на дејност. За да не се случи , за разлика од правните лица , кои тоа право го имаат да не го плаќаат данокот на промет, ако сме се определиле за пазарно стопанство и стимулирање на приватната иницијатива и вложување на средства на граѓаните за самостојно вршење дејност со личен труд предлагам по итна постапка да ги усвоиме овие измени, за да и во овој период додека се донесе законот и бидат вградени во новиот законски текст, граѓаните неоправдано да не бидат оштетувани со плаќање данокот на промет на деловниот простор и опремата која што им е потребна за отпочнување за вршењето на дејноста.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека предлогот на Тодор Петров не може да го гледаме издвоено од композицијата на двата закона. Не би можеле да прифатиме да се донесе по итна постапка. Би требало да се усогласат решенијата во двата републички закони и со Сојузниот закон за данокот на промет.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров, молам да крене рака? (42 пратеника).

Дали има некој против? (21 пратеник).

Осумдесет и осум пратеници се присутни.

СТОЈАН АНДОВ:

Тринаесет се воздржани, некој не гласал.

Ве молам, пребројте да видиме колку се вкупно во салата. Во салата вкупно се 85 присутни. 42 се за што значи некој не гласал. 21 се против, 13 се воздржани. Фали еден глас. Молам предлогот не е прифатен.

Ве молам дајте повторно да гласаме, викнете ги луѓето што не се тука да објасниме и за да имаме квалификувано гласање - Сега треба да одлучи само еден глас. Предлагам да провериме уште еднаш. Дали се согласувате. (Се согласуваат).

Молам, кој е за да крене рака? (пратениците креваат рака).

По пребројувањето за се изјаснија 58 гласа.

Според тоа прифатен е предлогот на господин Петров.

Пратеникот Тодор Петров на 15 јули 1991 година поднесе Предлог за донесување по итна постапка на Закон за неприменување на Законот за општествениот капитал ("Службен лист на СФРЈ" броеви 84/89 и 46/90) и членот 4 од Законот за непосредна и заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата, во делот што се однесува на издавање интерни акции ("Службен лист на СФРЈ" броеви 37/90 и 84/90), со Предлог на закон, кој Ви е доставен.

Пратеникот Ефтим Манев на 19 јули 1991 година поднесе Предлог за донесување по итна постапка на истиот закон, кој Ви е доставен.

Владата на Република Македонија достави мислење по овие предлози, кое Ви е поделено.

Исто така и Комисијата за економска политика и развој ги разгледа овие предлози.

Го молам известителот на Комисијата да земе збор.

Има збор известителот на Комисијата Вецко Личоски.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Комисијата за економска политика и развој по предлозите на Тодор Петров и Ефтим Манев за донесување Закон за неприменување на Законот за општествениот капитал и на Законот за неприменување на членот 4 од Законот за исплата на личните доходи на средствата за непосредна потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата, во делот што се однесува на издавањето на интерни акции со Мислењето на Владата на Републиката и врз основа на претресот го поднесе следниот извештај.

Комисијата тргнувајќи од фактот дека прашањето е навистина комплексно, констатира дека се потребни посеопфатни согледувања заради што го прифати во целост Мислењето на Владата  и се согласи до крајот на месец август оваа година на Собранието да му достави  предлози на закони *со*  кои ќе биде  уредена оваа материја. При подготвувањето на законите има потреба да се имаат предвид и согледувањата на пратениците Тодор Петров и Ефтим Манев.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам расправа.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи на нашата Комисија за градежништво и урбанизам се разговараше во врска со овој закон, а заедно со пакетот што го беше предложил пратеникот Тодор Петров ние во заклучокот на нашата

комисија, мислам ова како должност, како претседател на Комисијата ми е да го изнесам дека во заклучокот по предлозите што беа дадени од Тодор Петров ние дадовме, бидејќи имавме предлог за донесување на овој закон од Пратеничката група на СДС, кој што беше потоа повлечен баравме да се реактивира истиот закон. Затоа го поддржувам односно се вклопуваме со заклучокот на нашата Комисија, овдека, бидејќи сметам дека овој закон е идентичен со предложениот закон од пратеникот Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие го поддржувате законот односно предлогот на Вецко Личоски. Сега мене не ми е јасно, вие сте ненадлежна комисија, они се надлежна комисија. Вие сте се прогласиле за надлежна комисија, во ред е што сте го гледале.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА: (од место)

Само како дополнување и наше искажување.

СТОЈАН АНДОВ:

А вие само искажувате дека сте го гледале односно само дополнување.

Сега по изнесувањето на ставот на Комисијата образложение треба да даде господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Поддршката на Комисијата за урбанизам и градежништво беше во функција на утврдувањето на сопственоста на општествените станови, во државна и општествена сопственост. И во интерес на тоа за да не настанат било какви злоупотреби беше дадена поддршка за првата наредна седница однсоно денеска да биде усвоен, односно ставен на дневен ред на Законот за неприменување на Законот за општествениот капитал и член 4 од Законот за исплата на личните доходи по итна постапка.

Сакам да укажам на неколку моменти кои иако ги има наведено во причините заради што треба да се донесе Законот, само би ја дал хронологијата. Барање со укажување на потребата од донесување на закон за неприменување на сојузниот закон за општествениот капитал по итна постапка и барање со укажување за потребата од донесување на закон за неприменување на член 4 од Сојузниот закон за исплата на личните доходи на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата по итна постапка, поднесов до Собранието на РМ на 10 април оваа година. Иако Владата беше задолжена на седницата од 16 и 18 април да утврди свој став и мислење по однос на овие барања Владата до 7 јуни 1991 година непридржувајќи се кон роковите од Деловникот за давање на мислења по однос на предлози од пратениците воопшто не беше се изјаснила по овие барања.

На седницата од 7 јуни ние добивме предлог од Владата за донесуваше на закон по итна постапка со истиот наслов кој што сега јас го предлагам. Меѓутоа за самата 16-та седница Владата го повлече Законот од донесување и истиот беше симнат од дневниот ред на Собранието.

Понатаму, Владата прифати да се направи Информација на таа седница од 7 јуни за севкупната трансформација на општествениот капитал во рок од еден месец. Меѓутоа тој месец од оваа седница од 7 јуни не е почитуван, е поминат и ние до ден денеска таква информација за трансформацијата на општествениот капитал немаме на разгледување. Од страв дека се можни поголеми нарушувања во стопанството го предложив по сопствена иницијатива предлогот за донесување по итна постапка на закон за неприменување на Законот за општествениот капитал и членот 4 од Законот за исплата на личните доходи, кој што се сојузни закони и во рамките на тоа само би сакал да додадам:

Законот нема интенција да изврши стопирање на процесот на приватизација што е започнат во Републиката.

Законот има за цел  правилно и праведно да се реши проблемот на трансформацијата на општествениот капитал кој на ваков начин како што се трансформира се прелева во приватни џебови  по книговодствена вредност.

Пред се сметам дека иако се во Републиката и во земјата одвиваат некакви мировни револуции, на нам допрва ќе ни биде потребно во Републиката една работничка револуција токму во интерес на обезбедување на заштита на општествениот капитал и на општествената сопственост заради тоа што на начинот на кој што се врши со сега постоечките сојузни закони, на крајот на краиштата со најкратки ракави во целата таа трансформација ќе произлезе работничката класа, односно работниците. Ние изгледа допрва ќе треба да донесеме закон за национализација за да го вратиме она што сега преку приватизација на општествениот капитал се прелева со интерните акции во приватни џебови. Па и странски експерти во одделни свои изјави се изјаснија дека Југославија ќе направи огромна грешка ако изврши ваква приватизација на општествениот капитал. На една страна имаме технолошки вишоци за кои Владата мора да помисли како  ќе им исплати по 24 месечни лични доходи, остатокот од вработените во организациите ги приватизираат преку интерните акции по книговодствена вредност и доаѓаме до една катастрофална состојба при што и самите вработени кои што остануваат ќе се јават во улога на рентиери, за фактички ја обезбедуваат својата егзистенција од рентиерство издавајќи го постоечкиот  општествен односно приватен капитал на лица кои фактички сакаат да работат со средства во сопственост на граѓаните.

Понатаму во Републиката две третини од организациите или се неликвидни, 165 илјади лица се невработени две третини од вработените примаат личен доход со закаснување од неколку месеци и од овие причини  со ниски лични доходи, со издавање на фиктивни акции и правење фиктивни акционери од работниците сметам дека би требало да се донесе овој закон по итна постапка, а да се донесе и еден работен заклучок во рамките на донесувањето на Законот со кој што ќе се задолжи Владата на Македонија во рок од еден месец на Собранието да му ги донесе сите прописи  во кои ќе се регулира прашањето за трансформација на општествениот капитал и сопственост.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Ефтим Манев

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сосема го поддржувам излагањето на почитуваниот колега пратеник Тодор Петров во врска со причините со донесувањето на овој закон бидејќи текстовите на овие предложени закони од двајцата нас се со иста содржина.

Само би сакал да се произнесам по Мислењето на Владата и извештајот на Комисијата за финансии.

Убеден сум дека и Владата, Мислењето што го дава не е со чисто убедување дека овој закон не треба да се донесе таков каков што е предложен. Во Мислењето на Владата дека Владата подготвува законска регулатива за разрешување на овој проблем со акциите и посебно за интерните акции што треба да уследи некаде од 15 до крајот на август, а веројатно додека тој закон мине во процедура ќе дојде можеби и крајот на годината. Со самиот тој факт

Владата не е убедена дека се чисти работите во овој проблем. Затоа е неминовно да се донесе таков закон што го предлагаме, а Владата кога ќе ги предложи таквите регулативи, пак ќе си почне со трансформација на капиталот. Ништо ние нема да изгубиме, ниту оние што трчаат што побргу да дојдат до интерни акции и во стопанството. Интерните акции, свесни сме каде се тие, во она стопанство кое што досега беше монополски систем. Зошто нема интерни акции во оние гранки, во оние претпријатија кои што секојдневно пропаѓаат. За нив никој не води сметка.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас од свое име предлогот на двајцата пратеници Петров и Манев ги поддржувам во целост од проста причина што Владата овдека ни понуди таков проект и го повлече на сама седница. Меѓутоа одат овие А.Д. друштва во монополските организации затоа има место овој проект, ние го гледаме по скратена постапка за да не дојде до натамошно осиромашување на заедницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Санде Давчев.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници ние неколку пати расправавме за овој закон. Јас потполно го поддржувам ставот на Владата бидејќи ние не може нешто да укинуваме, а ништо да не нудиме. Така што мора ако нешто укинуваме, нешто да понудиме. Јас сум сигурен дека нема закон што не чини само што треба некои членови да се модифицираат, измената, дополнат затоа во потполност

го поддржувам предлогот на Владата, а и онака овој сојузен закон важи до 18 август, без многу полемики да биде.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Туше Гошев.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Апсолутно го поддржувам ставот на Владата и да напомнам дека Амандман 59 точка 2 на Уставот на Македонија се говори дека сопственичките права и обврски спрема средствата за општествена сопственост и условите под кои можат над тие средства да се стекнуваат други форми на сопственост, се уредуваат со сојузен закон. Па оттука сметам дека сеуште Уставот на Македонија не се создадени услови за донесување на такви закони. Исто така да нагласам дека постојано се разговара за тие закони за интерните акции. Ако подетално ги погледнете тие закони и Законот за трансформација на општествениот капитал, тој нуди два начина на трансформација на капиталот. Едниот е начинот на трансформирање со издавање на интерни акции и пребивање на додатни средства на капитал. Другиот начин е продажба на претпријатијата преку Фондот и Агенцијата за преструктуирање и развој. Со таквите предлози какви што се нудат сега на Собранието, сметам дека нема да се постигне никаква цел. Не ги бранам сојузните закони, туку го бранам тоа дека не се нуди ништо ново за да се реши прашањето. Сите сме свесни дека општествената сопственост секој ден пропаѓа и ако ние не и овозможиме трансформација, било каква ќе има поголеми последици во Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Се предлага да се донесе таков закон и во таа смисла му реплицирам на другарот, нека ми одговори во која република во Југославија се почитуваат тие сојузни закони за трансформација на општествената сопственост на ваков начин како што мирно и послушно Република Македонија тргнала по тој пат. Тоа е едно. Сите републики си донесоа интерни, сопствени закони за трансформација. Не се нуди ништо ново. Не се нуди како да се разреши прашањето, туку за да не настане поголемо нарушување и грабеж, барем да се стопира процесот. А Владата да се задолжи во рок од еден месец да ги направи тие закони. Ако не е способна ќе образуваме една пратеничка група ќе ги направиме тие закони.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Туше Гошев уште еднаш се јавува.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Сакам да напомнам дека другите републики, сите донесоа свои устави и законски ја дефинираа сопственоста и имаат уставен основ за донесување на таквите закони. Јас ви го прочитав уставниот амандман 59 точка, 2 каде јасно се говори дека Македонија уште не создала услови да донесува такви закони..

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Андонов.

ЈОВАН АНДОНОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,можеби требаше порано да се јавам за збор за да ве обавестам за следното, дека Владата на својата последна седница по однос на донесувањето на Законот за трансформацијата на општествениот капитал го донесе следниот Заклучок. Комисијата формирана од Владата, на чие чело се наоѓа министерот Миљовски, а чии членови во поголем број се надворешни експерти, тој Предлог на закон да го достави на Владата најдоцна до 10 август, а со тоа Владата на Собранието до 15 август. Според тоа, сметам дека вашите желби ќе бидат наскоро задоволени.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Околу односот на интерните акции расправаме 2-3 пати. Јас се чудам господинот од СДС мислам дека го застапува своето лично мислење затоа што знаеме дека околу интерните акции се водеше овде борба дека се на несоодветен начин третирани. Мислам дека господинот Бранко Црвенковски имаше една многу убава дискусија, околу ова прашање. Затоа незнам дали целата партија СДС се однесува како претходниот дискутант.

ГОЦЕ ТЕМЕЛКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, политичката економската, и социјалната криза со која се судрува нашата Република, покрај другото е резултат на постоечкиот политичкиот и економскиот систем. Тој политички и економски систем се заснива на монополот на општествената сопственост со сите институции и механизми за негова заштита. Постоечките производни односи засновани на монополот

на општествената сопственост се пречка за излез од кризата и натамошниот развој на Републиката. Најповолен фактор за менување на постоечкиот политички и стопански систем е трансформацијата на општествената сопственост. Во Македонија за разлика од другите републики успешно почна процесот на трансформацијата на сопственоста со сите проблеми и недостатоци кои го следат таквиот револуционерен процес. Низ тој процес во Македонија само 7,7% од општествената сопственост е трансформирана во приватна што за менување на структурата на сопственоста е недоволно. Според тоа процесот на трансформација треба да се забрза со донесување на републички прописи кои ќе го стимулираат неговото одвивање. Исто така, треба да се активираат сите контролни институции за правилна примена прописите кои го регулираат прашањето на трансформацијата. Оттука сите настојувања и предлози во името на кражбата на општествениот имот, ерозијата на општествената сопственост, богатењето и слично да го запрат тој процес се директно поврзани со конзервирање на општествената сопственост, а со тоа и постоечките социјалистички односи. Знаеме дека тие истите одлучивме да ги менуваме. Приврзениците на социјализмот и на сето што е старо како аргументи против трансформацијата ги наведуваат потценување на капиталот што не е точно, бидејќи капиталот се купува по вредност поголема за два до три пати од книговодствената.

Второ, богатењето на поединци директори што не е точно бидејќи со законот се утврдени лимити колку еден директор или лице може да купи акции. Кога се зборува за негативните појави предлагачите со ниеден аргумент, пример не го поткрепуваат, туку се измислени негативни појави и погрешна интерпретација на прописите, сакаат да го зачуваат старото. Ако се прифати тој закон во тој

случај се несогледиви последиците  од неговата практична примена заради следното. Преку 40 %   од претпријатијата се трансформирани, што значи  дека тие биле во привилегирана положба.

Второ, кај останатите претпријатија дел од процесот е завршен. Донесени се одлуки, референдуми и слично што би создало во вака сложени економски и социјални услови немири во претпријатијата. Со предложениот закон не би се постигнале ефекти,  затоа што според постоечкиот устав на Републиката важи правилото: по кој закон почнала постапката, по истиот да биде завршена. Заклучок, предлагаме како што го направија и другите републики да не се запира процесот на трнсформација, да се донесе републички закон за трансформација, да се изврши контрола на трансформацијата, на постоечките прописи и ако се утврдат неправилности, трансформацијата да биде запрена.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, бидејќи бев и лично споменат овде пред малку во дискусијата на господинот Стоиле Стојков, јас не би сакал да ја повторувам дискусијата од оној пат кога беше на дневен ред ова прашање. Можам само да кажам дека со оглед на тоа дека ние сме Социјалдемократска партија, а како таква партија сме партија на најшироките социјални слоеви, работништвото итн. нормално е дека ќе се залагаме за тоа да тоа работништво биде заштитено и најсоодветен нормативен начин, а сметаме дека сегашниот актуелен закон за трансформација на општествената сопственост даваше огромни можности и сеуште дава огромни можности за манипулација, за неправилно присвојување на општествениот имот што во ниеден момент не значи дека ние како Партија сме против реприватизацијата на општествениот имот и на трансформацијата на општествениот имот, меѓутоа не и на

овој начин. Оттука е сосема јасен ставот на Социјалдемократскиот сојуз и тоа оној став кој што јас го кажав и минатиот пат, тоа е став и на најголемиот дел од членовите на нашата Парламентарна група, а бидејќи овде стана збор, забелешка зошто некој од членовите на нашата парламентарна група размислуваат поинаку и дискутираат овде поинаку, би сакал и тоа да го напоменам дека ние како партија немаме обичај да заведуваме војничка дисциплина во нашата парламентарна група и да ги наведуваме сите наши пратеници да гласаат за секоја работа по ист терк, туку имаат една полна слобода луѓето да се одлучуваат и да дискутираат онака како што самите сметаат. Меѓутоа, ставот на партијата на Социјалдемократскиот сојуз е тој и ставот на најголемиот дел од Парламентарната група.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека во предизборните кампањи сите партии се залагаа да во идното наше општество биде општествената имовина трансформирана во приватна. Така се залагаше и партијата СДС и сите други партии, па и нашата партија. Јас не гледам друг начин како може да се приватизира општествената имовина, туку на овој начин. Сигурно дека во оваа трансформација има и некои аномалии. Меѓутоа, мислам дека некои дискутанти оваа говорница ја злоупотребуваат и малку демагошки настапуваат бранејќи ја работничката класа дека ќе биде изманипулирана. Акциите ќе ги добијат сите подеднакво во првиот круг на делење. Според тоа, може во вториот круг некој да купи повеќе, но во првиот круг сите работници ќе добијат, ќе добијат и директорите. Според тоа, не може директорот да добие,

а работникот да не добие. Од оваа говорница се напаѓаат директорите дека ќе ја изманипулираат работничката класа. Според тоа мислам дека се злоупотребува ова.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ако добро се сеќаваме овде на една од минатите седници се договоривме кога ние како пратеничка група од СДС баравме повлечениот предлог на закон да се стави на дневен ред. Добивме ветување од Владата дека за наредната седница, односно за месец дена, ќе има целосни информации и ќе има решенија бидејќи јас бев тој што реагирав дека не ни требаат информации, ги имаме доволно,но бараме решенија да се спречат одредени аномалии околу трансформацијата на општествениот капитал. Не може буквално да се сфати дека тоа насекаде е така. Меѓутоа, ние сметаме дека има потреба од донесување на ваков закон и нема време повеќе за чекање за добивање на информации. Мене колку што ми е познато СОК од каде што Владата најверојатно сакаше да побара информации, нема никакви информации околу ова бидејќи таму не се доставува дали се трансформира на овој начин, или на оној начин. Ние сме да се постави на дневен ред, а околу текстот на законот ќе се договориме дали ќе се додава, ќе се одзема итн.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ова е едно од најсложените, а може да се рече и најсложено прашање на реформата, приватизацијата. И во ваков вид на расправа не сум сигурен дека можеме да дојдеме до правилно решение на тоа прашање.

Инаку јас сум од тие што мислат дека ваков вид на интерно акционерство кое што го овозможи и сојузниот закон не е добро. Исто така, сум од тие што мислат дека приватизацијата која што најбрзо се одвива според некои информации и во монополските организации исто така не е добро. Ниту е правично, ниту е економски најефикасно, на тој начин. Меѓутоа, нас ни е поделена Програмата на Владата за која што ќе  расправаме веројатно утре. Во Програмата еден добар дел, едно солидно парче од бројот на страниците е посветено на оваа проблематика за трансформацијата. Таму има одредени предлози во врска со тоа прашање, помеѓу другото има и еден став дека ќе треба да се преиспитаат и преоценат одредени изведени постапки на трансформација и во монополските и во некои други организации. Јас мислам дека тоа прашање да го оставиме за утре, или кога ќе биде точно расправата за Програмата во врска со тој дел тогаш да отвориме широка расправа по сите прашања од Програмата, а тоа прашање бездруго не смее да биде пропуштено и тогаш да продискутираме и за овие предлози кои што инаку мислам дека имаат рационална основа, што се предлагаат од двајцата пратеници. И така да одлучиме во врска со тоа прашање со едно комплексно согледување на таа проблематика, а ние лично и од нашата пратеничка група и јас лично имам и повеќе сугестии во  врска со тој дел, меѓутоа, сега не е навистина време  сега да расправаме во врска со стручноста на таа проблематика, тежината и се  што треба да се преземе во врска со тоа. Јас би предложил да расправаме навистина следниот ден кога ќе биде на дневен ред програмата.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега ислушавме повеќе гледишта, но се наоѓаме пред потребата да се произнесе Собранието и тука имаме еден предлог,иако е

во две верзии. Предлог по итна постапка да се расправа што го даваат пратениците Петров и Манев и ставот на Владата.

Го ставам на изјаснување предлогот на пратениците Петров и Манев.

Кој е за тој Предлог, молам да крене рака?

Предлогот на господинот Гошев е за тоа да се расправа во врска со Програмата. Ние имаме формални предлози и неможеме да ги омаловажиме. Тие ако ги повлечат, тогаш е во ред. Меѓутоа, тие си молчат.

Дали ги повлекувате предлозите да расправаме во врска со Програмата?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Не ги повлекуваме. Инсистираме да се гласа.

СТОЈАН АНДОВ:

Затоа предлагам да се изјасниме кој е за Предлогот?

Господинот Петковски има уште еден предлог.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи мислам од најголемиот број пратеници не е поделено мислењето дека ова е едно од клучните прашања на трансформацијата и на сопственоста на промената на политичкиот, економскиот систем, мислам дека станува збор само околу едно прашање, утврдувањето на вистинската вредност на општествениот капитал и злоупотребата на овој закон во смисла дека се оди само на приватизација во организациите кои што имаат монополска положба. Ви предложил следново. Елементарна информација ако може Владата да достави утре на пратениците кои се претпријатија во Републиката пристапиле кон

трансформација на општествениот капитал, па тогаш да се произнесеме по тоа дали веднаш ќе го симнеме од дневен ред, односно ќе го прифатиме Предлогот за престанувањето на важност на Сојузниот закон. А инаку лично се определувам онака како што беше речено во пратеничката група дека треба да се направи.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Предлогот за донесувањето на Законот не прејудицира решенија за трансформацијата на сопственоста кои што ќе уследат во расправата по Програмата. Донесувањето на законот го стопира на извесно време процесот на трансформацијата на капиталот преку интерните акции и бара преку еден работен заклучок Владата во рок од месец дена, после расправата што ќе ја поведеме и утврдиме некои заеднички заклучоци и во поглед на трансформацијата на сопственоста, Владата во рок од месец дена да ги подготви во процедура сите законски прописи кои што ќе ја регулираат оваа проблематика, И затоа предлагам да се гласа по Предлогот кој што е поднесен во редовна процедура.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Јас нема да дискутирам по ова прашање затоа што минатиот пат за тоа доста зборував. Тука рече и Гошев дека тоа е многу сложено прашање. Јас баш на тој проблем многу зборував, а и тој беше член на Комисијата за изработка на Програмата за економска реформа, па знае колку време и колку напори на ова прашање се вложија и покрај тоа колку има последици од тоа, колку има недостатоци, колку има ефекти. Јас минатиот пат зборував колку тоа е проблем не само во нашата земја, туку во сите земји кои што вршат една таква трансформација. Сакам да укажам само на еден момент многу значаен момент спрема надворешниот свет. Ова што го предлага колегата Петров може нас политички многу да ни наштети. Самото тоа

што ние ќе ја зауставевме трансформацијата, па тоа нека биде и за еден ден ќе го објават многу светски агенции и многу во светот ќе се прашаат што се случува во оваа Македонија кога зауставува еден процес кој во светот се мисли дека е единствен кој води од прилика за излез од оваа криза во која што се наоѓаме и на која што еве и Програмата на Владата од прилика и почива. Јас да ви кажам и тоа, ние кога ќе го гледаме новиот закон и новите предлози и кога ќе настојуваме таму да ги отстраниме тие недостатоци за кои што сега зборувавме, ќе видиме колку тогаш ќе се судриме со многу проблеми. Една е вистина што ние немаме свежи пари, пари со кои може да се откупи општествениот капитал. Тоа ќе биде основниот проблем. Јас би молел на ова прашање со зауставување на овој процес, па било тоа и за десет дена и за 15 дена се мисли на крупните последици. Тоа што се зборува дека има некои монополистички организации кои извршиле злоупотреби итн., јас мислам дека тоа е доста произволно речено. Монополистички организации во Македонија дали има 2,3, 4, а заради 1%, или 0% или 3% да се зауставува еден закон каде што веќе е извршена трансформација, јас мислам дека нема никаква логика.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван претседателе јас немав намера да се води материјална расправа по сето ова за да ја олеснам работата на сите , точно е кога се донесуваше законот за трансформација , без разлика што е тоа многу сложена и многу значајна материја, околу трансформацијата или приватизацијата пошто се наоѓам од групација конкретно од олово и цинк на рудници, сакам да ви кажам една вистина. Во Македонија без разлика што ние го потенцираме монополот, ние во тоа време заборавамe дека кога се донесуваше законот беше условен заедно со сите закони во однос на фискалната политика. Бидејќи тие закони не се донесоа, а во помало време, девизниот систем онаков каков што постои во Југославија и кредитно монетарниот систем во Југославија ќе ја девалвираат оваа форма на трансформација во Македонија и беспредметно што губиме време за интерните акции.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Јас би кажал накратко едно мое размислување околу целата трансформација. Без разлика, не би навлегувал во тоа дали сегашниот Сојузен закон кој што е на снага е добар или лош, праведен или неправеден, стои еден факт, ние еден процес ќе го прекинеме и ќе очекуваме да биде доставен нов закон кој не знаеме каков ќе биде кој гарантира дека новиот закон што ќе биде доставен од Владата ќе биде поприфатлив поправеден и покористен. Дали може да ни се случи да имаме една празнина од месец, два или пет, додека навистина добиеме закон за кој што ќе мислиме дека ќе биде прифатлив.

Ние имаме еден случај, ако се сеќавате за Законот за локалната самоуправа, имавме една верзија ја отфрливме како недобра, а сега имаме од Владата друга, а веќе се слушаат некои мислења, слушнав дека претходната била подобра. Да не ни се случи и пак истото со овој закон, да изгубиме доста време, а мислам дека е кај сите присутна тенденцијата за приватизација, така еднострано применување на одредени закони мислам дека не е во ред. Прифаќам да се прекине, меѓутоа, да имаме нешто ново. Без ново, а да кажеме само ова не важи, а за ново не знаеме како ќе биде мислам дека не е во ред.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас прифаќам овој закон да се усвои, да се прекине процесот на трансформација и без ново и тоа треба да се направи час поскоро за да се спречат штетите и тие да бидат од помали размери, а околу новиот закон кој што треба да го подготви Владата, дали ќе биде добар или не, кој ќе гарантира дека тој ќе биде подобар, па треба да гарантира овој Парламент, не треба никој друг да гарантира, бидејќи Парламентот е местото кој што ќе го донесе тој закон.

Петров рече дека доколку оцени Парламентот дека Владата не е во состојба да донесе соодветен закон и таков акт, тоа би можело да го направи дури некоја експертска или парламентарна група.

Во сева оваа работа, забележувам една друга, можеби по прв пат се забележува тоа таканаречено директорско лоби. Јас имам сфаќање за нивните мотиви, за нивното опонирање на овој предлог, меѓутоа, ми се чини дека сепак тука особено интересно е тоа подметнувањето од типот дека светот ќе не осуди, светот ќе не отфрли

ќе рече како така, господинот Иванов, овој начин, овој метод на трансформација на општествениот капитал, светот не го познава и ова е небулоза во светот и навистина зашто нас би не отфрлил светот кога сите останати републики кои што се ете така друштво наречено во Југославија го отфрлија тој закон, а еве светот не ги осуди, а тие и понатаму живеат уште на подобро. Значи, сум за тоа овој закон да оди на дневен ред.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (реплика)

Еден многу паметен човек рекол дека најголема трагедија за човечанството е дека еден дел од човечанството мисли дека сите се родиле со ист ум, со исто знаење, меѓутоа, историјата, животот, науката покажуваат дека луѓето барем се разликуваат по тој ум, кога се зборува без аргументи, свесни ли сме ние за последиците кои ќе настапат од донесувањето на наши одлуки. Тие се многу крупни, многу значајни, многу големи. Ние претрпевме катастрофи во економијата поради сулудничави одлуки кои ги донесувавме. Нема играње со стопанството, стопанството да се запира на кои како ќе му текне и мислам дека ние овде сме одговорни луѓе и треба одговорно да се однесуваме.

РАТКА ДИМИТРОВА:(реплика)

Една мала реплика во врска со ова излагање со хуманистички респект. Се спротивставувам, сум апсолутно против гледањето на луѓето по вертикала. Нема повеќе и помалку, има различни луѓе и секој има своја вредност и се е за почитување. Истото важи и за народите.

ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека ова прашаше е едно од најболните и најважните прашања за стопанството. Од кога се донесе законот на премостуваше на општествените средства од општествени средства во некоја друга сопственост дали државна, дали задружна, дали пак јавна или приватна сопственост од тогаш капацитетите не се користат како треба, производството не е квалитетно и не се докрај искористува и мислам дека таа општествена имовина од ден на ден се намалува, станува се помалку и помалку, затоа што не се обновува, капацитетите не се одржуваат како што треба и мислам дека треба приоритетно, прво прашање да биде ова прашање на некој начин да се разреши, не само да се утврди вредноста на имотот, колкава е таа вредност, туку да се утврдат и критериуми кои треба да ги добие тие акции. На пример во некоја општина некои работел во општествените служби од почетокот до крајот на неговото работно искуство од 40 години, другиот работел во работната организација, меѓутоа, сега добива средства, на некој начин оној што е во работната организација, добива , а во општествените служби тој што бил , што ги пишувал договорите и гаранциите и што ги изработува: програмите за финансирањето, а оној земјоделец кој работел во земјоделието поради тоа што е изграден овој капацитет во општината не добил трактор или некоја друга машина заради тоа што средствата се дадени и вложени таму, не добива ништо. Мислам дека ова прашање е доста сложено и тешко и треба да се изнајдат критериуми на кој начин да се премости општествената имовина во некоја друга сопственост

Ако сега тоа го стопираме со Законот сигурно можда угледот, авторитетот можеби ќе ги изгубиме во странство, но мислам дека Владата што побрзо да изнајде адекватно решение заради тоа што сум свесен дека наука не постои досега на кој начин да се трансформира овој општествен имот, факт е дека не постои ваква наука, значи ние мораме сами да ги изнајдеме најадекватните решенија, а сигурно после тоа ќе повлекува и негодување кај граѓаните, ќе повлекува и судење и тужби и други работи не само кај оние што монополистички се однесуваат туку и кај земјоделските организации и кај оние организации кои се најсиромашни ќе има проблеми и ќе биде доста тешко.

Поради ова јас предлагам, ако е можно Владата и другите стручњаци да се ангажираат професори , правни заводи на некој начин да се изнајде ова решение кое ќе биде најадекватно.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Мислам дека треба да престанеме со материјалната расправа, имаше мислења и за и против и дека треба да преминеме на гласање за утврдување дали предложениот закон од двајцата пратеници треба да биде на дневен ред или не треба. Мислам дека ако се стават на дневен ред ќе има можност да расправаме по иститe, ако не се ставаат ќе го чекаме законот што ќе ни го подготви Владата, но мислам дека нема смисла да водиме расправа по истото.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Дами и господа очигледно денеска, односно осигурувајќи се со оваа точка на дневниот ред, се покажува една нова слика на Македонскиот Парламент, една нова структура на разговорите. Можеби

самите сте сведоци кога дојде до ова прашање, кога се постави ова прашање на дневен ред, некако партиските определби навистина се губат, а се појавуваат на површината на Македонскиот Парламент еден нов квалитет, а тоа е ако можам така да го наречам, значи, партиското раслојување на Парламентот се губи, а се појавува едно ново раслојување што можам да го наречам со еден збор а тоа е еснафското раслојување, односно социјалното раслојување на Македонскиот Парламент. И така од една страна имаме за еден став да се борат сите директори и раководители, на пример од партијата на ВМРО, Реформските сили и Социјал - демократскиот сојуз, а од друга страна за друг став да се борат сите работници, на пример Реформските сили, Социјал-демократскиот сојуз и од ВМРО-ДПМНЕ. Станува збор значи не за членството, туку за структурата што е внатре во Парламентот. Тоа ме доведува до едно прашање, за кое што јас очекував дека сигурно ќе дојде на дневен ред и ќе се судриме со тој проблем што колку повеќе одиме понатаму во работата на Македонскиот Парламент и што колку повеќе се поставуваат економски прашања на дневен ред на Македонскиот Парламент и не само на пример како раководна структура туку ќе имаме и понатаму поделба на пример по тоа дали некој се занимава со металургија, здравство, текстил итн., значи се појавува тоа раслојување на Македонскиот Парламент вертикали или хоризонтали, како сакаме да ги наречеме, во кои се појавуваат некои други интереси кои се мотивирани од некои други побуди и во таа смисла јас неколку пати инсистирав од самиот почеток и престанав со тоа, а сето тоа произлегува од решеноста, а јас ќе ја проширам малку мојата дискусија од решеноста и статусот на парламентарците во Македонскиот Парламент.

Јас мислам дека тоа прашање еднаш треба да го ставиме на дневен ред, односно она што е праксата на парламентарниот живот во Европа и во европските парламенти, а тоа е конечно овие македонски парламентарци да го добијат професионалниот статус и да бидат единствено овде парламентарци, да бидат професионални политичари, а не да биде еден директор, еден раководител, еден шеф на било што, затоа што тоа негово професионално определување ќе влијае како лоби овде во Македонскиот Парламент и ќе го спречува, сакал тоа или не, овде да ја постави својата објективна ситуација, затоа што тој е одговорен на пример пред своите работници во фабриката, а е одговорен и пред Македонскиот Парламент, а тоа се сосема два различни аршини кои доаѓаат и не донесуваат овде до еден судар.

Тој проблем на статусот на македонските пратеници ќе мора што поскоро да се развива и да се расчисти, затоа што верувајте такви еснафски подвојувања покрај партиските подвојувања, односно подвојувања кои ќе произлегуваат од неговиот професионален статус во неговата средина, посебно кога ќе имаме економски прашања на дневен ред ќе биде многу изразени и силно изразени и ќе бидат мотивирани не од една објективна позиција, туку ќе бидат мотивирани од една позиција која на пример една средина во која се движи тој човек ќе го тера на тоа да инсистира. Тоа што сакав да го кажам само како мора забелешка за дискусијата и за начинот на кој се водеше.

Овде достапно беа изразени тие лични мотиви и лични интерес посебно во поглед на тој закон на интерните акции на Анте Марковиќ. Доволно е да се фрли еден поглед на македонската јавност, ќе видиме дека еден огромен број на работници кои работат и кои ги добиваат тие акции не се задоволни , а од друга страна одреден голем број

директори и раководители на кои им се овозможува да земат огромни плати негде до 100 милијарди како што се зборува ќе бидат задоволни од тие интерни акции. Токму тука се наоѓа тоа подвојување, пак ќе го наречам еснафско, социјално кое сметам ние треба да го разрешиме со самиот наш статус.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас само да си го појаснам предлогот, јас немам акции и немам мотив од тој аспект да разговарам во врска со ова прашање, едноставно сакам да го повторам следното или да го прецизирам следното. Ние овде чувме две информации: една информација е дека до 10 или 15 август Владата ќе ни понуди закон. Стои образложението дека тој може да биде полош од оној што претходно го имаме. Ако тој аргумент не е добар, чувме информација или знаеме дека на 18 август завршува важењето на овој закон. Тоа значи дека од денеска 26 останува само уште еден личен доход или фиктивно зголемен или реално зголемен да се прокнижи во вредноста на интерните акции на поединците. Тоа нема да ги зголеми штетите ниту пак ако го стопираме ние денеска ќе ги намали штетите. Инаку, стои фактот дека и во Полска и во Чехословачка и во Унгарија, а и во Југославија законот на таканаречената кадровска номенклатура што тие ја почувствуваа стои. Токму со тешките проблеми во врска со методите на приватизацијата која што мораше да ја прави социјалистичкиот свет.

Сакам да спомнам и уште еден факт, дали имаме начин да ги амортизираме или да ги намалиме овие неправилности во врска со тоа таканаречено богатење според номенклатурата , јас нешто зборував во врска со тоа, и тоа за некој работи поконкретно. Потсетувам уште

еднаш на она што е дел од програмата што ни се нуди. Таму има еден став дека Владата бара можност задолжениот орган што ќе биде за проценка на вредноста на капиталот на претпријатијата да преоцени и некои извршени трансформации што досега сме ги имале. Ако тоа ние утре го поддржиме како став и го овластиме надлежниот орган, или таков став прифатиме и во законот што ќе се предложи

ПЕТАР ГОШЕВ: (Продолжение)

ќе има шанса за некои преиспитувања и по тој основ ако е и тоа, се разбира, добро решение. Значи, за овој месец нема многу да направиме, а ако пак денеска се гласа јас ќе бидам за ставот на пратеничката група што ја имаше и на претходната седница иако не сум сигурен дека е најдобар затоа што прашањето е премногу сложено и како што велам во рок од месец деца кога му престанува важноста на овој закон, нема премногу да се зголемат неправдите или нема премногу да се намалат ако се стопира. Тоа беше мојот мотив.

Друго, не барав да се повлече Законот од процедура од другарите што го предлагаат или господата, туку како што имавме неколку точки може да се префрли за утрешната седница или за продолжението на седницата, тоа го имавме веќе во врска со неколку точки.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Јас мислам дека за сериозни теми разговараме доста некомпетентно. Многу луѓе наши колеги пратеници стануваат и кажуваат за некои работи, а мислам дека не ги разбираат.

Прво, тука некој рече дека делењето на интерните акции е небулоза и дека е тоа непознато во светот. Тоа е познато и те како не само да се делени на вработените, туку делени се како обврзници на целото граѓанство само да се приватизираат сопствениците. Нема друг начин да се приватизира општествената сопственост, Јас се согласувам дека има аномалии во тоа, меѓутоа, не треба да се генерализира. Во поголем случај во Македонија, бидејќи личните доходи во поголем дел во стопанството се ниски, ќе дојде до соција-

лизација на делење на акциите. Еве ви го кажувам примерот на "АСТИБО". Колку ќе земе генералниот директор на АСТИБО, толку ќе земат и работниците, сите подеднакво, Според тоа, нема никаква злоупотреба. Мислам дека се користи прилика од тука од  одредени луѓе да се нападнат директорите од политички мотив за да се симне една гарнитура директори сега што се на власт односно не на власт, туку што се на раководни места токму преку прашањето на интерните акции.

Второ, мислам дека монополските организации се напаѓани и се смета дека тоа не е добро со интерес да се поддржуваат овие монополски организации за да би можела партијата која евентуално ќе дојде на власт во идните избори да може преку поддржувањето на тие монополски организации кои се доходовни и создаваат капитал да раководат со капиталот преку тие монополски организации и да вршат употреба на акумулацијата како интерес на партијата.

Во Македонија има капитал кај граѓаните за да се откупи општествен капитал од 8%. Под услов целиот капитал тој народ да го вложи во купување на акции. Спрема тоа, ние можеме на тој начин ефективно ако сакаме претпријатијата да добијат пари акциите да бидат од корист да приватизираме само 8% од општествениот капитал, а со остатокот што ќе правиме, како ќе дојдеме до приватизација, ако ние е тоа целта?

Прво, директорите не ја измислија оваа формула за приватизација, тоа дојде по барање на општеството за трансформација на целото општество и тоа политички и економски.

АЦО СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Навистина многу сложено и тешко прашање во однос на тоа на кој начин да се изведе. По мое лично убедување сметам дека започнатата трансформација на општествената сопственост апсолутно треба да продолжи во смисла на тоа што ако се сугерира носење на закон кој треба да го донесе нашата Влада, сметам дека тешко ќе најдеме оригинално решение дека тоа ќе го решиме на многу експертен добар и брз начин односно за брзо време ќе ја трансформираме општествената сопственост по некој специјален македонски рецепт. Сметам дека започнатиот процес кој е пропратен со сојузниот закон и не верувам дека е токму од сојузен пропис, сметам дека е тоа од високо развиени земји понуден рецепт, процесот е започнат, тој процес мора да продолжи, меѓутоа, евидентни се некои изигрувања кои треба да се видат, согледаат и спречат, а во однос на овој процес кој е започнат, мое лично согледување е Владата да најде некои работи во однос на истиот да го надгради односно овој процес што побргу да го заврши.

Еве како евидентен пример за нашата македонска стварност ќе го посочам само Законот за продажба на општествените станови. Тој закон е донесен пред блиску три години и замислете досега не е продаден ниту еден стан. Зошто? Ако најдовме сега во фирмите начи да ја продадеме фирмата во која фирма имаме сопственици некаде 500 некаде 1000 некаде неколку илјади го најдовме начинот и го почнавме процесот, а што останува за еден стан каде е носител на станарското право е еден сопственик можеби двајца или тројца  каде што лесно може да се утврди вредноста на станот по однос на староста и други критериуми и сега заради нашата стварност, заради

нашето оригинално македонско да не продадеме неколку вили на Водно односно што треба да се пресече, па ќе нема да продадеме 100.000 станови, ние најдовме милион ситни грешки на тој закон и го спречивме реализирањето на тој закон. Истиот тој закон нудеше некоја динамика за градежниците.

Мислам, дека во однос на ова прашање трансформација на општествениот капитал морате да дозволите колку побрзо ја изведеме толку подобро за нас. Побрзо ќе се вклучиме во светските процеси.

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Малку сум навлегол во оваа тема иако толку не ја знам таа економија на директорите. Гледам тука при гласањето навистина се поделивме на две групи. На едната страна останаа директорите, а на другата страна останавме ние, сиромасите. Ми се чини дека за да се реши ова прашање нашето собрание и нашата Влада треба да донесат наш став за приватизацијата, бидејќи никој во Југославија не применува исти ставови. Незнам дали ме разбирате? Ние немаме наш став за приватизација иако многу зборуваме за тоа и за акумулација. Да не чекаме два три месеци или три години тоа може да се направи за две три недели или за еден месец. Нели имаме стручњаци? Чекавме 45 години и видете во каква положба сме денеска. Сметам дека по овој став треба да се повратат сите средства подвижни и неподвижни имовини на тие на кои им припаѓаат, а уште нешто ќе барам од ова собрание затоа што тука еднаш рековме дека се има извршено и општа кражба, па да се донесе закон да се повратат средствата на потот и на крвта на работникот. Ние не можеме да донесеме еден закон како да

продадеме еден стан, а колку што знам некои од нас располагаат со повеќе станови. На таа тема подоцна ќе се задржиме, но сметам дека нашето собрание треба да донесе став за приватизацијата и тоа поскоро.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Јас пред малку реков дека не би сакал да водам материјална расправа, но очигледно дека другарот Љупчо - Потпретседателот на претседателот на Републиката ги побрка работите. Определбата за трансформација е политичко прашање, а формите за трансформација се стручни. Тоа е техничко и крупно прашање.

Второ, на голема адреса се упатува забелешка и критика на директорите. Овде нема директори, овде се пратеници.

Трета работа, тие го застапуваат интересот на групацијата, а за оловото и цинкот кој може најстручно да зборува од пратениците, ако јас не зборувам за тоа и директорот Симо. Народот во Пробиштип живее од тоа стопанство со таа структура. Ве молам кога ставаме некоја аргументација  и забелешка таа мора да биде основана.

Четвртата работа, ако веќе се определуваме за закон, законот е неминовен да се донесе за приликите и структурата на стопанството на Македонија, но јас одговорно тврдам кога ќе се понудат решенијата, а тоа му го реков и на г-дин Петров решенија за трансформација од овој облик, во нов облик теоријата и науката за сега не познава. Но, познаваат една работа да се води стручна полемика, а за тоа се бара време. Спрема тоа, директорите бидејќи ги провоциравме, јас за ваше информирање ниту сум акционер, а како генерален директор на рудниците Злетово имам дупло помала плата отколку пратеник овде во оваа куќа.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Ова за директори и обични пратеници, вас колега директоре пратеник Ве чека до самата врата до првата скала, една многу убава кола - лимузина, не сте обичен пратеник. Значи, голф Ве чека тука треба да правиме разлика кога велат директори - пратеници и обични пратеници и уште многу други директорчиња, ве чекаат убави коли и сигурно користат дневници вашите возачи.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Инаку немав намера да реплицирам само една работа сакам да ја демантирам бидејќи пак ми се залепи една етикета дека се борам против трансформацијата на општествената сопственост во приватната сопственост. Јас се извинувам тоа никаде не го реков, нигде никогаш не сум го ни рекол, а за приватната сопственост се залагам од самиот почеток на мојата политичка дејност.

Значи, приватната сопственост ја ставам над се, и пред се, не заради друго затоа што сметам дека само преку приватизацијата може,да се сруши еден систем, може да се каже комунистичко бољшевистички кој потполно не го поддржувам, а од друга страна само преку приватизацијата може да се сруши еден колонијален статус на Македонија кон другите делови на Југославија, бидејќи само приватен сопственик сигурно нема да прати пет-шест пати една пратка на пример во Србија или Хрватска, а таму не му ја плаќаат. Тоа може да ја прати само еден слуга, еден полтрон на еден досегашен систем. На приватникот тоа никогаш нема да му се случи значи можам да кажам самата приватизација носи едно поголемо чувство за националното и за сакањето кон сопственото. Значи, повеќе интерес кон сопствената Македонија, а не кон некои заеднички виши интереси. Тоа се политички убедувања. Значи и овде никогаш не реков дека сум за транс-

формација, сакав само да ја потенцирам оваа дискусија за некои поделби кои можат да се случат, а вие не можете да го негирате тоа .

На пример ако го земам пример еден пратеник еден Митко Атанасовски како директор на една фирма која по пат на приватизација треба за еден или два месеци да ја приватизира, или треба да стане заедно со неговиот заменик директор сопственици на една фирма, сигурно дека при гласањето овде во парламентот тоа ќе влијае на него многу повеќе откога тој би бил пратеник. Впрочем што е светоста за која ние се боревме овде? Тоа е македонскиот парламент. Каде го гледаме плурализмот, каде ја гледаме демократијата? Тоа е македонскиот парламент. Ако се стремиме и ако велиме дека сето тоа за што се залагаме таа демократизација тој плурализам најдобро се чувствува во македонскиот парламент тогаш зошто да не ги率 земеме парламентите каде има една пракса и парламентот на кој се повикува. Зошто во американскиот парламент парламентарците се професионалци? Зошто во францускиот парламент сите парламентарци се професионалци? Зошто во Англискиот парламент се професионалци? Затоа што во тие земји имаат пракса со парламентарниот живот можеби по 100 или 200 години, затоа што сфатиле таму што значи да имаш еснафско лоби во македонскиот парламент. Тоа еснафско лоби ќе се објаснува на секој на секој начин па ве молам еве утре ќе се случи Македонија треба да преземе некои работи некои изградби надвор од Македонија и ќе конкурираат две или три фирми. Ако имаме директор на некоја фирма која конкурира за една таква зделка - парламентарец па тој преку своето лоби преку своето присуство овде сигурно ќе го добие тој бизнис иако може да биде понеквалитетен или било што.

Значи, јас сакам да го начнам само прашањето на статусот на македонските парламентарци кои навистина мораме еднаш да го решиме дали ќе бидат луѓе како што рече пред малку директорот јас сум одговорен и пред мојата фабрика, извини, но македонскиот парламент не го зборува тоа дека си одговорен пред твојата фабрика. Се извинувам, јавете се после ти си одговорен овде пред целиот македонски народ и пред целата македонска држава, а пред своите работници во ф-ката си толку одговорен колку што тоа е заеднички интерес на целата заедница. Токму на вашата дискусија се покажа тоа двојство. Сфатете, вие како парламентарци можете да бидете единствено одговорни пред целиот македонски народ, а не пред една одредена група железарци, текстилци, доктори или сестри, тие можат да бидат задоволни од вас меѓутоа самото двојство не води никаде.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас мислам дека ние утврдуваме дневен ред. Ако утврдиме дневен ред да го утврдиме, а потоа можеме сето ова кој мисли дали треба да бидат платени, јас ве молам имам забелешка на Претседателството ако утврдиме дневен ред молам да не се дозволи дискусија, да го утврдиме дневниот ред потоа ќе седнеме и ќе дискутираме.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитувано Претседателство,

Почитувани пратеници,

Јас мислам дека оваа дискусија од дел од пратениците и претходниот пратеник односно г-динот потпретседател на претседателот што излагаше се неосновани, бидејќи јас гарантирам сите тука дискутираат паушално без никакви податоци.

Јас гарантирам за Штип. Зборувам за Штип, бидејќи има два начини со продажба на општествениот капитал и зголемување на вкупниот капитал на организацијата. До сега е направено зголемување на капиталот, а не е направена продажба. Мислам дека ако сака некој да дискутира нека го прочита прво законот и нека има конкретни податоци кој грешел, што грешел и кој се трансформирал. Сите дискутираат паушално, нека го земат малку законот па нека го прочитаат.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитуван претседателе,

Почитувани пратеници,

Повеќе од еден час слушам околу Законот за трансформација на капиталот и се аргументирано со некои податоци од периферна природа или од правен карактер или од социјален карактер. Меѓутоа, никој не се задржа на економските показатели и параметри кои укажуваат зошто се пристапи на ваков начин на трансформација на општествениот капитал во приватен во Југославија. Вкупните стопански потенцијали на југословенското стопанство се сметаат некаде спрема стручните проценки на економски експерти некаде 300 или 350 милијарди долари. Сите наши штедни влогови изнесуваат некаде 10-12 милијарди долари. Тоа е 4% од вкупните капацитети кои во догледно време треба да се трансформираат во приватен капитал. Како ние ќе го оствариме тоа со 10-12 милијарди долари и прашање е сега дали и тие ги има 10-12 милијарди долари во трезорите на банките.

Исто така е многу значајно дека и порано заради определени законски пречки во нашиот систем, а и сега поради настанатата ситуација странски капитал нема.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ : (продолжение)

Оценето беше дека во тековното работење многу луѓе кои земаат личен доход можат на овој начин да станат сопственици на приватен капитал да се мотивираат што повеќе и да почне реприватизација на општествениот капитал. Заради овие причини се појде на ваков начин. Искрено да ви кажам јас сум директор на една организација која сеуште нема преземено приватизација по однос на акции сметам дека има доста тука работи негативни меѓутоа, Владата нека оцени и сите овде знаеме да најдеме еден начин кој ќе придонесе за побрзо и поефикасно реприватизирање, меѓутоа овие процеси да не се запираат да се продолжи со ваквиот начин на трансформација.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се произнесе Собранието, да престанеме со расправата. Ако се согласувате со тоа, тогаш предлагам да се гласа. Останува сега сепак предлогот по итна постапка да се расправа.

Кој е за нека крене рака. (36 се за)

Кој е против (31 се против)

Колку се воздржани (5)

Според тоа не е усвоен предлогот да се расправа во итна постапка (давам пауза од 30 минути).

По паузата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да ги заземат местата.

Да продолжиме со работа

Пратеникот Тодор Петров на 22 јули 1991 година, поднесе предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување на законот за органите на управата со Предлог на закон кој ви е доставен,

Согласно одредбите на Деловникот побарано е мислење од Владата на Република Македонија на 22 јули 1991 година. Владата на Република Македонија достави мислење кое ви е поделено. Комисијата за општествено политички систем го разгледа овој предлог.

Го молам известителот на Комисијата да земе збор.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Комисијата се обиде да го разгледа предлогот на пратеникот Тодор Петров, беше и тој самиот присутен на расправата ние практично неможевме да обезбедиме доволен број, бидејќи дел од членовите на Комисијата беа по други комисии, па ве молам со заклучок на Собрание да бидеме задолжени да го разгледаме и да заземеме став.

СТОЈАН АНДОВ:

Утре пред продолжување на седницата, Комисијата нека заседава и да заземе став.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Колку на некому да му изгледам досаден користам деловнички права за да остварам уставни права и обврски на пратеник. Бидејќи го опоменав секретарот на Собранието кој несакаше да му укаже на претседателот на Собранието кој почна да го чита предлогот за донесување Закон по итна постапка во согласност со предлагачот на независниот пратеник Манев, предлагам со оглед на тоа што во член 126, гласањето со креваше на рака се врши на тој начин со претседателот ги повикува пратениците да се изјаснат кој е за, кој е против и кој е воздржан за гласањето, а бидејќи при првото гласање за неприменување на Законот за општествениот капитал доби мнозинство гласови и отпосле пребројувањето, се побара да се утврди колку се присутни, бидејќи Деловникот не предвидува право на неизјаснување или негласање, затоа предлагам согласно член 127 да се изврши поименично гласање за

точно утврдување на резултатот од гласањето по однос на предлогот за донесување на закон по итна постапка и барам предлогот да биде ставен доколку го поддржат 10 пратеници претседателот да изврши прозивка. Кога даде пауза претседателот Стојан Андов побарав од место меѓутоа сите си отидовме и не се изјаснивме повторно. Бидејќи постои сомневање дека резултатот е веродостоен на желбата, изразената волја на пратениците, односно не можеше точно да се утврди и кворумот и мнозинството на гласови, предлагам согласно член 127 став 1 од Деловникот да се изврши поименично гласање. Се гласа за, против и воздржан . Оној кој несака да гласа нека го напушти кворумот.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве имам еден предлог, дали тој предлог се прифаќа повторно да гласаме.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Мислам дека во претходните две гласања се направени грешки. Мислам дека вкупниот број на присутните се одредува према гласањето. И првиот пат кога се гласаше за го добивме бројот, кога се гласаше против го добивме бројот и третиот беше кој што се воздржаа од гласање. Збирот на овие три категории го даваат и бројот на присутните четврта категорија на луѓе кои не гласаат немаме. И во вториот случај исто така беше. Мислам дека просто мнозинство се добива од збирот на овие три категории и нема потреба ни на прво гласање ни на второ ни сега да имаме. Ако го знаеме бројот кога гласаа за, против и воздржани просто мнозинство од тоа кое изнесува и збирот.

СТОЈАН АНДОВ:

Токму така сметавме и тогаш не беше изгласан предлогот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Изјаснувањето на претходниот пратеник беше во ред ако не се констатираше дека се присутни 79 пратеника од кои произлезе дека некои воопшто и не гласале. Со оглед на тоа што се утврди по втор пат присутните а бројот на оние кој што гласале не одговараше на бројот на присутните, од тие причини предлагам согласно членот 121 да се изврши поименично гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Всушност се гласа за, против или воздржани, но колку што го знаеме деловникот и колку овдека објаснувам не постои санкција за негласање. Тоа е работа повеќе на пратеничката група, дали ќе го натера некој да мора да гласа. Не постои санкција за негласање како што непостои санкција сите да седат во салата. Може да биде и надвор од салата може да биде и овде. Од оние што гласаа имаме кворум. Гласаа 72 од тоа 36 беа против и воздржани. Не доби надполовично мнозинство во предлогот и констатираме дека предлогот не е прифатен. Сега навистина нема основа за нови гласања.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас пред 4 месеци еднаш предложив, сега ќе го повторам предлогот, да не доаѓа до вакви недоразбирања, а и планираме со буџетот за оваа година да ја задолжиме Владата под итно да ни воведе електронско гласање за да не доаѓа до вакви ситуации. За да се извлечеме од оваа ситуација предлагам да го повториме гласањето и да одиме понатаму.

СТОЈАН АНДОВ:

Барање е од Собранието, тоа е доставено до министерството за финансии, тие го усвоија, го вградија во буџетот, Владата не ги прави тие работи, туку надлежни претпријатија, имаме управа која

тоа ќе го изведе откако ќе го усвоиме буџетот. Меѓутоа додека да се изнајдат работите ќе гласаме со дигање на рака. Сега господинот Тодор Петров да видиме дали инсистира да го дадам неговиот предлог на гласање.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Барам она што е по деловникот макар и да не се изгласа.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за тоа повторно да се гласа нека крене рака. (28)

Кој е против повторно гласање (42)

Кој се воздржани (нема)

Според тоа, според тоа иако имаме 42 против, господинот Петров има право да инсистира на поименично гласање бидејќи по Деловникот се пристапува на тоа , ако има 10 пратеника кој се согласуваат со него, а има 28.

ФАИК АБДИ:

Ве молам дами и господа , го молам пратеникот Тодор колку сме учтиви, колку сме стрпливи и народот колку е стрплив, ве слушаме господине доволно време. Дваесет пати излеговте овде. Немојте да не замарате и со поименично гласање. Тоа е големо тормозење.

СТОЈАН АНДОВ:

Секретарот ќе ги извикува имињата. Секретарот ги чита имињата поединечно на делегатите.

## С П И С 0 К
на пратениците во Собранието на СР Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА
3. ХАМИД АЛИУ
4. ЕШРЕФ АЛИЈИ
5. СТОЈАН АНДОВ
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ
8. ТИМЕ АНДОНОВ
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ
10. ДУШКО АРСОВСКИ
11. ДРАГИ АРСОВ
12. БРАНКО АРСОВСКИ
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ
14. ЈОРДАН БОШКОВ
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ
16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ
18. ПЕТАР ГОШЕВ
19. ТУШЕ ГОШЕВ
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ
22. САНДЕ ДАВЧЕВ
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ
24. ТОДОР ДИМОВ
25. ДОСТА ДИМОВСКА
26. РАТКА ДИМИТРОВА
27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ
28. БОРКО ЃОРЧЕСКИ
29. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ
30. ЗУДИ ЕМИНИ
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ

33. НАСЕР ЗИБЕРИ
34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ
35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ
36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ
37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ
38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ
39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ
40. ИВАН ИВАНОВ
41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ
43. РИСТО ЈОВАНОВ
44. ЏУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА
45. РИСТО КЕЛЕШОВ
46. ТАШКО КИРОВ
47. ЗОРАН КИТЕВ
48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ
49. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ
50. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ
51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ
52. НИКОЛА КРСТЕСКИ
53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА
54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ
55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ
56. ФЛОРЕ МАСАЛКОСКИ
57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ
58. ЕФТИМ МАНЕВ
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ
60. ПАНЧО МИНОВ
61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ
62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ
63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ
64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ
65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ
66. АВДИ МУРТЕЗАНИ
67. НАИВ МУСТАФА
68. СИМОН НАУМОВСКИ
69. ПАНЧЕ НАСЕВ
70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ
71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ
73. ЈОВАН НИКОЛОВ
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ
75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ
78. ТОДОР ПЕТРОВ
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ
80. ДИМИТАР ПОПОСКИ
81. КИРО ПОПОСКИ
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ
83. ШАМАН ПРЕВАЛА
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ

86. НЕИМ САЛМАНИ
87. ФЕРИД САДИКУ
88. АСЛАН СЕЛМАНИ
89. НАУМ СИМЈАНОСКИ
90. АЦО СПИРОСКИ
91. РИСТО СТАНКОВСКИ
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ
97. РИСТО СТАМЕНОВ
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ
104. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ
105. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ
106. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ
107. АГИМ ФАЗЛИУ

108. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ
109. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ
110. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ
111. СЕФЕДИН ХАРУНИ
112. МУХАМЕД ХАЛИЛИ
113. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ
114. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ ( НЕ Е ПРОЗИВАН)
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ
119. ХИСНИ ШАКИРИ

48 пратеници за, и 38 против.

(не е поштено)

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, од место да не се вика, 38 се против, 48 се за. Тоа се 86. Молам да се преброи вкупниот број и да се види дали некој се јавувал повеќе. Молам службите да пребројат.

Молам, неизводливо е на овој начин да работиме. Ние немаме електроника и сме принудени на броење , пребројување, сето ова бара сериозност од сите нас, инаку вака не знам до кое сознание.

Сега како конвенција да прифатиме дека е усвоен овој предлог, да престанеме со вакви работи да се занимаваме. Да се биде сериозен кога се извршува гласањето, ако почнеме по два-три пати гласањето да го враќаме. Секоја ќе изразува сомневање во гласањето. Тоа не е работа во Парламентот.

Можеме ли да констатирам дека во овој случај можеме вака да постапиме и да се донесе по итна постапка овој закон.

За Предлогот на законот за изменување на Законот за органите на управата со Предлог на закон, рековме Комисијата утре до почнувањето на седницата да одржи седница своја.

Добро, да се изјасниме денеска да го уцврстиме на дневен ред и овој Предлог на закон, да видиме дали да го уцврстиме. Комисијата утре да го разгледа и да даде извештај. Во колку го ставиме на дневен ред.

Молам, кој е за овој предлог, да се стави на дневен ред Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување на Законот за органите на управа, со Предлог на закон?

Господинот Тодор Петров го прочита, но сега се упадна со друго нешто.

Молам, кој е за нека крене рака? (40 пратеници)

Дали е некој против? (35 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласаше? (6 пратеници).

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас мислам дека беше ред, пред да гласаме, предлагачот на законот да си даде едно образложение.

СТОЈАН АНДОВ:

Видете можеше да даде образложение но тој не побара, а тој е само обврзан ако не напишал. Меѓутоа, тој има дадено образложение и ако мисли да додаде негово право беше да се јави. Но, не се јави.

Добро констатирам дека овој предлог не е прифатен.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 23 јули 1991 година, поднесе Предлог за донесување по итна постапка на закон за неприменување на одредби од Законот за воената обврска, со Предлог на закон, кој Ви е поделен.

Согласно одредбите на Деловникот побарано е мислење од Владата на Република Македонија на 24 јули 1991 година, Владата на Република Македонија достави мислење кое Ви е поделено.

Го молам претставникот на Пратеничката група на ВМР0-ДПМНЕ да укаже на основаноста и неодложната потреба од итно донесување на законот.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Сакам во кратки црти да го образложам законот.

РАТКА ДИМИТРОВА: (продолжение)

Решението за оваа иницијатива беше тогаш кога присуствувавме на средбата на родителите овде во Собранието, родителите на војниците. Овој закон не донесе на последната редовна седница на Сојузниот собор на Југославија и е во врска со упатувањето, регрутирањето, здравствените прегледи, мобилизацијата на воените обврзници. Во тој закон којшто важи од 1 јули, сите овие дејства ги врши војниот штаб, а дотогаш ги вршеа републички органи. Овој закон е донесен во Сојузниот собор во отсуство на делегациите на Хрватска и Словенија, со мал број односно двајца или тројца имало од делегацијата на Хрватска. Начинот на кој бил донесен, морам ДА кажам дека не бил во ред заради тоа што оваа Делегација без да има став на ова Собрание гласала за. Дополнително во разговори со некои членови на таа делегација разбравме дека надлежни, како што тие се изразија, мислам дека еден од нив е Хисен Рамадани, со него разговарал мојот колега пратеникот Пановски, а уште еден од нив јас сега не можам да го кажам точно името, можам да го кажам на наредната седница, дека надлежните органи разговарале со нив и во согласност со тоа тие гласале за. Сметам дека ова не е во ред и ова е уште една причина да се брои ова во оној негативно салдо на работата на ова Собрание. Мислам дека не е во ред во време на работата на ова плуралистичко Собрание ваков начин на работа. Можеби тоа треба и до крај да се истражи.

Со оглед на тоа што сите легални државни органи се на страна од ова, овој закон и не профункционира како што треба. Ние се интересиравме како е тоа во другите републики. Не се почитува, за Словенија знаеме, ниту во Хрватска ниту во Босна и Херцеговина, и дури е направен некако договор во Штабот дека нема да се почитува додека тој не се измени.

Овој закон во Македонија предизвика едно големо безредие. Си дозволувам да направам една мала дигресија, има една асоцијација бидејќи овие денови слушаме покрај многуте други неправилности и да неречам хаос во таа област во последниве недели во Републиката, дојде до нас дека на офицерите на ЈНА им се нуди заклетва по која ќе бидат верни, единствено на Врховниот штаб и нивните влади, нивните легални органи, државни, нема да бидат верни на нив, туку на Штабот.

Асоцијацијата е во врска со овој мировен договор кој што беше делен вчера на плоштадот. Изгледа дека мора многу добро да се внимава што се потпишува, бидејќи таму меѓу субјектите и државните органи на никој што се потпишува непослушност ако се повикувани граѓаните на борба, на оружје ја нема ЈНА. Што значи може да биде непослушен на сите овие органи, освен на ЈНА.

Со оглед на тоа што ова на некој начин зема замав во свеста на нашите граѓани, јас ќе си дозволам две реченици од овде да ви прочитам:

"Во плуралистички услови армијата не покажува склоност за сопствена преобразба и способност да ја прифати својата деполитизација и деологизација и не го прифаќа своето вистинско место во касарните. Армијата и понатаму настојува да биде арбитер на јавната сцена надвор од касарните. Во тој текст се вклопува и неодамнешното воничко толкување на одредени правни норми од страна на Командата на Третата воена област, изолирано од вкупните општествени збиднувања и со игнорирање на Декларацијата за сувереност македонската држава.

Толкувањето на правните норми од страна на армиската команда е во длабока спротивност со напорите на општествените субјекти

во Македонија и со напорите на органите на власта за полно оживотворување на converted сувереноста на македонската држава. Во овој пресвртен историски момент за Македонија тие толкувања се со внесување страв на граѓаните, ги засегаат нивните човечки права и основни слободи, кои што се во зародиш во откривање во тешката апсолутистичка диктатура меѓу ретките подолготрајни диктатури во Европа". Ова беше цитат по повод изјавата на министерот Фрчковски од Здружението за човечки права и достоинство.

Само имам уште малку, бидејќи сакав да кажам неколку збора за ситуацијата која што настана овде. Се јави по овој повод, по повод на двовластие на некој начин на еден закон кој што и беше и не беше во сила, се јави двоен информативен систем. Јас бидејќи бев многу трогната од одговорите на родителите овде во Собранието, бев многу заинтересирана и колку можев се обидував да дојдам околу информација околу тие нешта. Излегуваше дека едни информации се од Владата, други информации се од базата, а трети информации од Министерството за одбрана. Бидејќи пред извесно време на една од седниците, ние имавме една причина, како да кажам за недоверба, бидејќи едно се тврдеше од страна на министерот, како што реков тогаш по телефон јас овде го имам документот со кој што, мислам, успеав да дојдам до вистината, а тоа беше односно не беше таа вистина што ја чувме овде од министерот Дамјановски. Бидејќи такви двојни информации овдека се јавуваат премногу често, во ова време, јавно се тврди дека не се праќаат регрути,а фактичката состојба се прикрива, се зборува за доброволци,а потписи, мислам на доброволни потписи со пријави за доброволци нема, не постојат. Сметам дека ова за Македонија е трагична ситуација и се прашувам колку не чинат нас,

на нашата Влада, на нас овдека како пратеници, колку не чинат животите, сигурноста и психолошкото здравје на нашите деца и на нашите граѓани. Затоа сакам да ја поставам овде, довербата на министерот Дамјановски. Тоа е премногу и претешко сомнение на неговите плеќи од страна на нашиот народ и на овој Парламент.

Јас тоа го поставувам пред овој Парламент. Можеби е најпаметно неговата совест да пресуди.

Знам дека овој закон ќе наложи донесување, веднаш на друг, нов закон, заради тоа што ќе се јави извесна празнина, но се надевам дека Владата тоа ќе го пополни и тој закон ќе го предложи.

СТОЈАН АНДОВ:

Претставникот на Владата има ли нешто да каже во врска со ова излагање.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани потпретседатели и почитувани пратеници,

СТОЈАН АНДОВ:

Ви обрнувам внимание, дали ќе дискутирате, зошто има посебен режим на довербата.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Јас би сакал ова прашање посебно да го елаборирам за да пратениците ја сфатат целата ситуација. Инаку вака ќе се препсавме јас и пратеничката Ратка Димитрова, а на сите седници се присутни, па да кажам што јас мислам.

СТОЈАН АНДОВ:

Обрнувам внимание на средствата за јавно информирање, нека господинот Дамјановски каже кога станува збор за доверливи работи.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Немав намера да дискутирам, еве предизвикан сум на некој начин па дозволете ми јас нешто да кажам во наш заеднички интерес, *со* цел за што подобро разбирање и надминување на проблемите, а не отворање на нови и непотребни.

Внимателно ги следам седниците на овој Парламент, а особено прашањата сврзани за мојот делокруг на работа. Ги респектирам напорите и желбите за решавање на напластените проблеми, со цел за надминување на драматичната состојба и преовладување на разум и националното во овој Парламент во Македонија.

Свесен сум дека пред нас е голема историска одговорност која што од сите нас бара прави проценки, пред да се одлучиме за некоја активност, бидејќи историјата, и во едно излагање пред пет месеци реков, не почнува, а најмалку ќе заврши со нас со овој Парламент. Не е добро што поединци проблемите наместо да ги бараат во себе си тие ги префрлаат на други. Еве и денеска се сретнуваме со некои такви прашања, кои што за мене се доста нејасни, дискутабилни, бидејќи не знам кои се мотивите и целите на ваквите прашања.

Вие почитувани пратеници, добро знаете дека човекот стручњаци, сите сме тука од одделни области, не настанува наеднаш се создава низ работата низ животот и јас мислам дека и јас не сум случаен човек што се најдов во овој Парламент, а не непрестано некој да прима удари од повисок или понизок интензитет, да доживувам во оваа средина. И уште довербата на другарот Дамјановски.

Си го поставувам прашањето, од каде и од кого доаѓаат овие идеи, што е ова, дали е тоа синдром на самоуништување, карактеристичен за минатото, еве и денес на македонскиот менталитет, или нешто друго кое што треба да биде поука за сите нас, ако сакаме, а пред почетокот на седницата апелиравме за едно заедничко единство. Време е да се освестиме, работите вистински и критички да ги преиспитаме. За секоја работа да ги согледаме аргументите и компетентно да одлучиме за доброто на македонскиот јазик и на другите народности кои што живеат на овој простор.

Честите мешања во надлежностите се производ на незнаење или пак намерни за рушење на се што е како нив. Јас во повеќе наврати во Владата а и во овој Парламент инсистирам на уставност и законитоста. По две групи прашања и наидувам на недоразбирање, а посебно што сојузните прописи барам да се почитуваат, почитува ги и нашите на просторот, оти делокругот на работата до денешниов ден е врзан со постојната уставна подлога и законска регулатива.  Тие прашања се почитување на Законот за општонародна одбрана и Законот за воена обврска, за кои што колешката Ратка дискутираше, односно упатот на војниците регрутите и мобилизацијата.

Двете прашања се во надлежност на федерацијата. И моите настојувања беа доследно да се спроведуваат законите. Сакам да ви кажам дека мобилизацијата беше во функција на обуката и одвраќањето, бидејќи во Југославија на секое катче се отвораат проблеми, посебно подгреани со висок степен на деструктивно, пропагандно делување и користење на политичкиот маркетинг.

Најодговорно истакнувам дека непочитувањето на овие закони доведува,до милитантни моменти, до создавање на паравоени формации, кои што се афирмираат било за спасување на Југославија или пак за спасување на некоја република. Јас ваквите определби не ги прифаќам, бидејќи водат кон жртвување на народот, а јас таква функција не вршам. Затоа, секој поштен граѓанин и секоја правна држава мора да има поголемо чувство и да преземе се за функционирање на парламентарната демократија, да преовладее волјата, паметот, разумот, знаењето и работливоста. За сето тоа е потребен мирот, единството и слободата за кои што толку сите се залагаме. Во овие релации и квалитети треба да бидат и нашите настојувања.

Второ, прашање кое максимално негативно влијае врз одбраната, е катастрофалната социјална состојба, масовната безработност и потполното осиромашување на народот, до губење на сите вредности без воспоставување на нови.  Оваа состојба крајно демотивирачки дејствува на воените обврзници. Ако сакаме одбраната да биде прифатена како патриотска, државна функција, ние мора што побргу да се свртиме спрема економијата и стопанството, али еве на сите наши седници почнуваме со одбраната, почнуваме со некои захтеви, а најмалку се свртуваме спрема она што е најбитно спрема нашите граѓани во Републикава.

На овој народ му треба леб а не оружје и паравоени единици. Не му треба убивање. Моите настојувања во тој поглед беа максимални. Без да навлегувам во политичките определби, чувствувам за потребно да кажам дека во нашава Република се појавија голем број на стручњаци за воени прашања, за модели на воено организирање до намена и употреба на вооружените сили.

наместо да се занимаваме со она што ни е, навистина, професија и што ни е најблиску и да можеме меродавно за тоа да даваме и оцени. За овие проблеми јас зборував на една од поранешните седници на овој Парламент, а меѓу другото, реков дека таа војска само на стартот ќе ја чини Македонија преку две милијарди долари. Тоа искуство, можете да го проверите во Словенија и ќе го добиете.

Исто така, на Министерството за народна одбрана му се забележува дека е инертно по овие прашања дека не ги почитува иницијативите, дека работите ги чува во фиоки, каси и т.н. Зачестени се нападите и врз мене, во средствата за информирање, а и во Парламентот, повеќе пати сум прозиван заради југословенската народна армија, која што не е во моја надлежност, заради територијалната одбрана, која што не е во моја надлежност, а овие две компоненти, вие знаете во чија надлежност спаѓаат.

Чувствувам за потребно пред вас, почитувани пратеници и пред македонската јавност да соопштам дека Министерството за народна одбрана ги извршува обврските сврзани со Републичкиот закон за организација на органите на управата и Законот за општонародна одбрана, како и Сојузниот закон за општонародна одбрана и Законот за воена обврска, а за што претседателот на Владата г-дин Кљусев утре нека каже на седница. Во рамките на стручна оспособеност со цел одбраната да оди во функција на Републиката и земјата, да се сочува суверенитетот, територијалниот интегритет и со Уставот утврденото уредување и на Македонија и на Југославија.

Кога ова Собрание ќе донесе други закони со кои што работите во одбраната поинаку ќе се регулираат, а јас ако не ги

почитувам, тогаш треба да барате моја морална и каква што рече колешката Ратка одговорност, материјална, па и кривична.

Дајте ние подобро да се договориме, организираме и да не дозволиме да бидеме вовлечени во меѓусебните истребувачки антиисториски борби. Бидејќи опасни се македонските делби, кои и што секогаш се инспирирани од надвор. Македонија мора повеќе да се сврти кон сопствените сили, бидејќи тие се респективни и не смееме да се плашиме од околината, без разлика на аспирациите што постојат кон неа. Македонија мора да се најде себе си, а тоа да го постигнеме мора своите демократски сили да ги соедини, мора да биде поцврста и да ги избегне сите кавги и недоразбирања, Желбата моја е еднаш да ги расчистиме, стварно, обврските, да го одвоиме, што се вика брашното од трицита. За она што е одговорен Дамјановски овде да полага сметка, али за она што не е, ве молам ми не е коректно да се префрлаат работите, Знаете системот на мобилизација каков е, системот на регрутација, добро Ратка знае како се и другите почитувани пратеници, и не е морално мислам, јас овде да бидувам обвинуван за она што не сум чинел. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас обрнувам внимание дека господинот Дамјановски,дел од излагањето треба да го сфатиме како една емотивна реакција но за тоа ние не би разговарале сега, не би расправале. Колку што чувме ние госпоѓа Димитрова го покрена прашањето на доверба на господинот Дамјановски и потоа може да се изјасни само претседателот на Владата и не би расправале никако по тоа прашање, без него. Така да предлагам да престанеме да расправаме за тоа, ќе му соопштиме на претседателот на Владата, еве тука е потпретседателот, ќе го извести мандаторот, па да видиме кои процени ќе си

ги имаат и кои натамошни работи ќе добијат тек.

Сега да одиме на законот.

Дали во врска со законот уште некој бара збор. (не)

Ако не бара збор, имајте го во вид ..................................

Еве се јавува господин Пановски.

Ве молам само за законот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас во склопот на предлогот на госпоѓата Димитрова за овој закон би сакал ако може кога ќе се дискутира за законот да продискутираме бидејќи е тоа најтесно врзано со однесувањето на нашите пратеници во тој Сојузен собор. Мислам дека треба да има една поголема меѓусебна поврзаност помеѓу овој Парламент и тие пратеници таму, бидејќи јас мислам по мене дека постои една отсеченост од Парламентот со тие наши пратеници. Исто така, и нивната работа таму, дали тие имаат право во услови кога две републики си ги повлекле делегатите, не учествуваат во работата на Сојузниот парламент кој веќе ги има изгубено карактеристиките на југословенски парламент, дали македонските делегати ќе учествуваат во таканаречен србославски парламент. Мислам дека во склопот со овој закон задолжително треба да продискутираме и да донесеме некои заклучоци за однесувањето на нашите сојузни делегати во Сојузниот собор.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира тоа не може во склопот со Законот, туку да се договориме да расправаме понатаму, можеби не на оваа седница, или при крајот на седницата. Да се договориме околу некои проблеми во Сојузниот собор. Инаку се разбира Делегацијата која е во Сојузниот собор не е по законите поврзана со Собранието и не е тоа делегација на Собранието како што е оваа во Соборот на републиките и покраините.

Дали некој бара збор во врска со законот. (никој)

Предлагам да се изјасниме дали ќе го уврстиме овој закон во дневен ред по итна постапка.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Само да разјасниме, за да нема недоразбирања. Законот не е поминат на Владата. Го прашувам сега колегата Фрчковски, бидејќи јас не бев на последната седница. Законот мора да помине на комисиите, да помине на Владата и да дојде пред вас. Има постапка утврдена со Уставот и законот, Има правници и нека кажат дека ние мораме да го дополниме стручно да го обликуваме се што треба. На основа на тој закон треба да ги регулираме сите обврски. Затоа да не правиме импровизации денес да донесеме нешто, а утре тоа да биде оспорено, било тоа од Комисијата за уставни прашања или од некој друг. Ова ви го зборувам во интерес на еден квалитет. Дали ќе го донесеме на наредната седница на 12-ти, или во понеделник да ние одржиме седница на Владата и работите да ги пречистиме. Јас им кажував и на колегите и од ВМРО знаат, јас со сите комуницирам, ние дискутиравме за тие документи. Тука нема проблем. Рековме да припремиме еден квалитетен закон и да го пуштиме во постапка, не мора во три фази, може во прва да оди, но навистина тоа да го направиме квалитетно, тоа ќе биде закон на таа суверена Македонија, а да не правиме импровизации. Ова е како предлог и како сугестија.

СТОЈАН АНДОВ:

Во тој случај мислењето што сте го испратиле, т.е. секретарот што го испратил го повлекувате и сакате низ постапка во Владата да утврдите мислење. Го повлекуваат ова мислење и ќе доставаат мислење.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Како што гледате тука има едно писмо од секретарот по разгледувањето во надлежната комисија и по консултација на

претседателот на таа комисија било дадено и е предложено овде тоа мислење. Меѓутоа, со оглед на карактерот и бидејќи утре Владата од 9 часот ќе има седница заради некои други предмети што се поставени овде, ве молам го прифаќаме и ова како обврска да го разгледаме на утрешната седница, а можеби тоа ќе биде и во склопот на оној друг закон што беше во пакетот на законите што ги прифативме на 24-ти.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Прашањето е овде дали ќе се постави ова на дневен ред или не. Овој закон дали има потреба од негово донесување, или не. Јас друго не можам да кажам освен она што оваа иста влада писмено го доставила, дали тоа ќе биде потпишано од секретар, дали од член на влада, или од претседателот. Меѓутоа стои една обврска, ако го имате пред вас ќе го прочитам само овој дел, за да видиме во што е проблемот и секој ден да немаме конфронтации па да така се добие впечаток ако едни од една страна предложат не се прифаќа затоа што е од таа страна. Барем еднаш да имаме едно разбирање.

Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за неприменување на одредби од Законот за воена обврска поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кој содржи исти формулации како и Законот утврден од Владата може да биде донесен кога за тоа ќе одлучи Собранието на Република Македонија. Тоа е крајот на втората алинеја. И третата алинеја, ако Собранието оцени дека има потреба за донесување на ваков закон, Владата ќе го поднесе својот предлог кој што го има утврдено. Ние имаме едно искажување дека постојат исти два текста, исти две програми, само предложени од две групи, односно од Влада и од пратеничка група. Од двајца

овластени за донесување на закон. Што треба да правиме?. Ако беше ова исто дадено од Влада, ние ќе треба да го примиме анблок, затоа што е Владин програм. Штом се исти, зошто ќе треба да се надгласуваме и прегласуваме. Ова Собрание по мислење на Владата треба да одлучи дали има, или нема потреба да се донесе ваков закон и Владата била готова да ни го даде. Значи Владата е готова, ги извидела сите околности и моменти кои говорат за донесување на ваков закон и направила таков закон. Што треба да чекаме сега допрва да се пресметуваме и ќе има ли потреба ние секогаш овде имаме караници. Имаме еден предлог кој е во согласност со Владата. Значи, Владата ќе требаше овде сега само да не поздрави и ние да можеме слободно да работиме. Јас апелирам оваа програма да се стави на дневен ред, а дали ќе биде текстот на ВМРО, или ќе биде текстот на Владата, кој е ист, мене како пратеник ми е сеедно, бидејќи тоа е од интерес на Македонија.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Господине претседателе, проблемот се состои во ова. Владата го погледна дефакто законот и комисиите фактички го поминаа и заклучија следното. Владата во пакетот кој го донесе на затворената седница пред два дена практично донесе не потполно ист, не е ист текстот, меѓутоа воглавно ист, сличен текст околу анулираше на некои одредби од Законот за воена обврска. Според тоа одлуката, ставот на Владата дека таков закон треба да се донесе е потврден. Тоа е првото прашање.

Второ прашање е кога тоа треба да се донесе. Владата ако сметаше дека треба да се донесе на оваа седница, таа ќе го поднесеше до Собранието. Според тоа, одговорот дали треба да се

донесе на оваа седница од Владата е негативен. Јасно ли е сега во што е проблемот. Ако Владата сметаше тој ист закон независно кој го поднел требаше да го поднесе на оваа седница, таа формално ќе го поднесеше. Таа тоа не го направи. Според тоа, тоа се две различни работи. Едно е да се процени потребата да тоа се донесе и таа е неспорна и тука сме ние истомисленици. Иако овој текст што е предложен од ВМРО-ДПМНЕ не е потполно ист. Тој задира и до еден друг закон чии консеквенции не се од Владата погледани.

Меѓутоа, дека таа потреба да повторам е истоветна, тоа е факт, а кога тоа ќе се донесе, тоа е пак посебна политичка одлука. Со тоа што Владата не го достави на ова Собрание, нејзиниот став за тоа дали тоа треба да биде гласано на оваа седница е негативен како што јас можам да го протолкувам и колку што ги разбирам работите.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, сега имаме еден став на Владата. Јас ве молам некако да се договориме. Ние не ќе можеме дневниот ред добро да го утврдиме и точно да го утврдиме ако Владата секогаш немаме јасен став по секоја точка. Јас на тоа секогаш сум инсистирал. Овој пат имаме став, се даде објаснување и јас би ви предложил во овој момент вечерва без претседателот на Владата, по овие вакви прашања да не се изјаснуваме, да не заземаме став. Сепак, е претседателот на Владата мандатар, тој ќе дојде утре и ќе ни го презентира ставот. Овде имаме два става.

Дали можеме така да се договориме?

РАТКА ДИМИТРОВА:

Сакам да кажам дека ме чуди малку ставот на Собранието бидејќи едни исти групи ја напаѓаат Владата, а од друга

страна многу високо го ценат нејзиното мислење и без тоа не може. Така се случи и денеска на Комисијата за образование каде што процедурата не се доведе до крај и ние фактички не гласавме за тие закони. Дојде само до гласање за тоа дали се прифаќа, или не мислењето на Владата. Значи тука, запира се. Тука е крај на се. Јас мислам дека во една демократија би требало сепак сите да бидат субјекти и да си го кажуваат своето мислење. Помош сигурно ќе биде Мислењето на Владата, меѓутоа решението, гласот мора секој да си го даде. Јас инсистирам вечерва да гласаме за ова бидејќи сметам дека и предолго се задржа овој закон.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, ние сите сме овде навистина многу преморени и тоа е основен фактор кој што решава во овој момент, а веројатно не и разумот, а се работи за едно прашање. Мене повеќе ме иритираше тоа што Законот го најдов на маса. Повеќе пати истакнувавме дека се работи за експертска влада, меѓутоа, очигледно дека оваа експертска влада повеќе и во повеќе наврати како што беше тука спомнато пред малку има идентични текстови спрема поедини пратенички групи застапени во Парламентот, па не знам дали е тоа случајно, или намерно да кај пратенички групи се наоѓаат закони од Владата кои што воопшто не поминале во јавна расправа, односно за кои што воопшто не е информирана јавноста, а и ние другите обични пратеници застапени во овој Парламент. Така што мојата дилема е повеќе од аспект на тоа на нешто што јас не сум го проучила, бидејќи сепак се работи за еден сојузен закон, а овде имаме одредби кои што се менуваат и своето изјаснување во овој случај би требало да го дадам на бројки, "за", или "против", што е мошне непријатна

работа, бидејќи содржината на Законот сепак,  сите треба да ја проучиме и да. имаме мислење од Владата односно да имаме макар еден ден во кој што временски простор би проучиле нешто што е од судбинско значење во овој момент. Според тоа, сепак, неоспорно што беа заложбите од пратеничката група која што претходно зборуваше, јас не мислам дека Законот треба да се донесе сега, односно вечерва. Ако тоа Владата го оцени, нека се донесе утре, дури и во раните утрински часови, меѓутоа нека имаме можност сите да го проучиме Сојузниот закон чии што одредби вечерва треба да ги бришеме.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Се извинувам, бидејќи се работи за една доста непријатна за мене инсинуација, сакам јасно да кажам. Законот беше изработен од Стручна служба на Собранието на која што сум многу благодарна и е изработен високо професионално. А тука се работи само не за разгледување на Законот, туку за негово ставаше на дневен ред, колешке!

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Прво би сакал една мала републиka на госпоѓа Ратка бидејќи ние сме сите сведоци на многу дискусии и расправи каде што тука биле обвинувани стручните служби дека не се доволно стручни и дека тие не треба да учествуваат во изготвувањето на законите, а сега се изразува благодарност. Прво тоа.

Второ, мене не ми е јасно, мислам дека од расправата и од излагањето на министерот добив впечаток дека кога овој предлог на закон за изменување на Законот за воената обврска и за народна одбрана бил на седница на Владата, не бил присутен.

Па сега не знам кој пишува во Владата закони, дали Фрчковски, дали Дамјановски. Тие работи треба да си ги расчистат во Владата.

Трета работа мислам дека станува збор за еден системски закон во оној корпус на закони кои што се во врска со остварувањето на сувереноста и самостојноста на Македонија за кои што ние претходно и за други закони се изјаснивме како пратеници, па во тие рамки мислам дека е јасна ситуацијата како би требало да се постапува и со овој закон.

Четврта работа, јас лично како претседател и на Комисија за внатрешна политика и народна одбрана, немам право ниту било какво, мислам и морално и секакво да овој закон оди вака како што е предложен сега. Тоа значи дека во најмала рака би требало овој закон да помине на Комисијата, а тоа значи одложување, а и претходно конечно и јасно изјаснуваше на Владата за овој закон и формален предлог за кој што Фрчковски го поднесе.

ФАИК АБДИ:

Скоро 10 е часот. Сакам да речам нешто. Ние избравме влада експертна, меѓутоа изгледа пратениците ни се многу поекспертни, се дознаваат порано од сите, информации од цела Југославија и од комшиите. Се што се случува во Словенија, во Хрватска, со министрите, со портпаролите, со незнам кои, информации перфектни. Тие се изјаснуваат од оваа говорница. Сега тоа може да се потврди со писмо со докази итн. Овде се бара оставка, односно доверба на министерот за одбрана. Министерот за одбрана пак станува, чита некоја работа, како да знаел дека ќе се бара оставката. Се некако така комбинирано и искомплицирано. Јас упатувам еден апел до сите нас овде и јас тука вклучувајќи се.

Може ли да не се правиме толку големи експерти. Ајде да ја гледаме  само Владава како експертна, затоа што знам дека се бара и нејзина оставка. Јас не верувам дека ќе се најде некоја влада која што ќе седи со нас овде волку време и дека во овој момент ќе најде чаре, излез од оваа ситуација. Ние немаме леб да јадеме, ние сме голтари. Се знае зошто е ова прашање сега поставено. Се сака да се влезе на мала врата, за да се донесе законот за да се влезе на мала врата. Не може за здружување, а може ова. Тоа е веќе раздружување. Повлекување на војската тоа е раздружување. Ве молам нека оди по редовна процедура, нека оди на комисиите, а незнам кое утре, сите ќе седнеме, ќе разговараме, зависи кој и на кој начин. На овој начин сигурно и правиме лошо на Македонија и на себеси  и на оние што чекаат од нас, што не гледаат, што не слушаат. Би молел, ако може да прекине седницата и да си одиме дома.

СТАМЕНОВ:

Јас мислам дека овој предлог спаѓа во пакетот на оние закони кои Владата ги чува и чека момент овде да ги изнесе.  претходните такви предлози одлучивме утре после согласноста на претседателот на Владата да се одлучи дали ќе се оди на онаа точка за општествено  политичката ситуација и дали е време тој пакет да се отвори и по него да дискутираме и да ги донесеме овие закони. Затоа предлагам ние сега да ја прекинеме седницата и без тоа за сите овие точки, мислам закони ќе треба да дојде претседателот на Владата и утре одморени да седнеме и ова прашање да го поставиме паметно, мирно и да го отвориме тој пакет и на крајот да го усвоиме.  Имаме и други такви предлози, оние што ги дадоа тука да ги гледаме од двете партии, да се оди на рефендум и друго и утре мирно тие прашања да

разгледаме, да одлучиме и да не се мачиме и ние и да не ја мачиме јавноста. Предлагам ние во овој момент да ја прекинеме седницата, а утре во 10 часот да продолжиме со работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме два предлога да прекинеме сега. Тогаш ако се согласуваме, да прекинеме.

Дали се согласувате? (пратениците негодуваат)

Има логика ова што го предлагаат. Очигледно е за некои од овие точки за дневен ред што треба да ги утврдиме ни е потребен и Кљусев. Тоа е очигледно. Веќе два пати наидуваме на истиот проблем. Прашање е дали ќе можеме без него тоа да го расправиме. Предлагам утре седницата да почне во 11 часот тоа е потреба на Владата. Владата ќе мора од 8 часот да одржи седница.

(седницата прекина во 21,50 часот)